МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

„ СВ. НИКОЛЕ “

Св. Николе – Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВО

СТУДИСКА ПРОГРАМА:

МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИА

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

НА ТЕМА : **РАЗВОЈОТ НА СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО РАМКИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

СТУДЕНТ: ТРАЈЧЕ МАГЛОВСКИ
БРОЈ НА ИНДЕКС: М211021
МЕНТОР: ПРОФ. Д-Р **ЉУПЧО ВЧКОВ**

БИТОЛА, 2024

КОМИСИЈА ЗА ОДБРАНА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД:

Ментор:

Членови на Комисијата

Проф.д-р

_____

Редовен професор на

МСУ „Св.Николе“

Проф. д-р

_____

Редовен професор на

МСУ „Св.Николе“

Дата на одбрана:

_____

АПСТРАКТ

Странските директни инвестиции можат да се однесуваат на основање на нови филијали во странство или на купување на веќе постојно претпријатие.

Основањето на нова филијала во странство се нарекува гринфилд, а купувањето на веќе постоечко претпријатие може да се оствари на два начина: со спојување (мерџирање или фузија) или со купување (аквизиција), што има различни последици по претпријатието во кое се инвестира.

Ефектите од странските директни инвестиции се детерминирани од повеќе фактори, генерално гледано се докажува дека странските директни инвестиции се ефективен катализатор на економскиот развој и поттикнувачки фактор на економски раст во земјите од транзиција. Бидејќи овозможува прибирање и трансфер на дополнителен капитал, транфер на технологија, знаење итн.

Клучни зборови: Странски директни инвестиции, менаџирање, распределба, можности

ABSTRACT

Foreign direct investment can refer to the establishment of new branches abroad or the purchase of an already existing enterprise.

The establishment of a new branch abroad is called greenfield, and the purchase of an existing company can be done in two ways: by merging (merger or fusion) or by buying (acquisition), which has different consequences depending on the company in which it is invested.

The effects of foreign direct investments are determined by several factors, in general it is proven that foreign direct investments are an effective catalyst of economic development and a stimulating factor of economic growth in transition countries. Because it enables the collection and transfer of additional capital, transfer of technology, knowledge, etc.

Keywords: Foreign direct investment, management, distribution, opportunities

АННОТАЦИЯ

Прямые иностранные инвестиции могут относиться к созданию новых филиалов за рубежом или покупке уже существующего предприятия.

Создание нового филиала за рубежом называется greenfield, а покупка существующей компании может осуществляться двумя способами: путем слияния (слияния или слияния) или путем покупки (поглощения), что имеет разные последствия в зависимости от компании, в которой она находится. вкладывается.

Эффекты прямых иностранных инвестиций определяются несколькими факторами, в целом доказано, что прямые иностранные инвестиции являются эффективным катализатором экономического развития и стимулирующим фактором экономического роста в странах с переходной экономикой. Потому что это позволяет собирать и передавать дополнительный капитал, передавать технологии, знания и т. д.

Ключевые слова: Прямые иностранные инвестиции, управление, распределение, возможности

СОДРЖИНА

Апстракт 3

1.ВОВЕД 10

2.ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ 13

2.1 ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ НА ИНВЕСТИЦИИТЕ 13

2.1.1 ОБЛИЦИ НА ИНВЕСТИЦИИТЕ 15

2.2 ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ НА СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ 17

2.3 ВИДОВИ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ 20

2.3 ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ 22

2.4 ЕФЕКТИТЕ ОД СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ 28

2.5 ПОЛИТИКИ ЗА ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА СТРАНСКИ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ 30

2.6 РАЗВОЈОТ НА СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 34

2.7 ЕФЕКТИТЕ ОД СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 53

2.8 ПОЛИТИКИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСТАНАТИТЕ ЗЕМЈИ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН 84

3. ЗАКЛУЧОК 98

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 101

ЛИСТА НА СЛИКИ

Слика 1: Развојни фактори на економијата 15

Слика 2: Максимален дозволен лимит / интензитет на државна помош во ЕУ 34

Слика 3: Институционална рамка за инвестиции 41

Слика 4: Органограмот на Агенцијата за инвестиции и промоција на извозот одговорна за привлекување странски инвестиции и поддршка на извозот на

Република Северна Македонија 47

Слика 5: Државна помош како бенефиција од работењето во ТИРЗ 49

Слика 6: Сумарен преглед на бенефициите од работењето во ТИРЗ 50

Слика 7: Инфраструктурни бенефиции од работењето во ТИРЗ 50

Слика 8: Административна државна поддршка за потенцијалните инвеститори како бенефиција од работењето во ТИРЗ 51

Слика 9: Мапа на технолошко – индустриски развојни зони во рамките на Република Северна Македонија 52

Слика 10: Анализа на макроекономските показатели во првиот квартал на 2012 година 60

Слика 11: Анализа на макроекономските показатели во вториот квартал на 2012 година 60

Слика 12: Анализа на макроекономските показатели во третиот квартал на 2012 година 61

Слика 13: Анализа на макроекономските показатели во четвртиот квартал на 2012 година 61

Слика 14: Анализа на макроекономските показатели во првиот квартал на 2013 година 63

Слика 15: Анализа на макроекономските показатели во вториот квартал на 2013 година 63

Слика 16: Анализа на макроекономските показатели во третиот квартал на 2013 година 64

Слика 17: Анализа на макроекономските показатели во четвртиот квартал на 2013 година 64

2014годинаСлика 18: Анализа на макроекономските показатели во првиот квартал на 2014 година 64

Слика 19: Анализа на макроекономските показатели во вториот квартал на 2014 година 65

Слика 20: Анализа на макроекономските показатели во третиот квартал на 2014 година 65

Слика 21: Анализа на макроекономските показатели во четвртиот квартал на 2014 година 66

Слика 22: Анализа на макроекономските показатели во првиот и вториот квартал на 2015 година 67

Слика 23: Анализа на макроекономските показатели во третиот квартал на 2015 година 67

Слика 24: Анализа на макроекономските показатели во четвртиот квартал на 2015 година 68

Слика 25: Анализа на макроекономските показатели во првиот квартал на 2016 година 69

Слика 26: Анализа на макроекономските показатели во вториот квартал на 2016 година 69

Слика 27: Анализа на макроекономските показатели во третиот квартал на 2016 година 70

Слика 28: Анализа на макроекономските показатели во четвриот квартал на 2016 година 70

Слика 29: Анализа на макроекономските показатели во првиот квартал на 2017 година 71

Слика 30: Анализа на макроекономските показатели во вториот квартал на 2017 година 71

Слика 31: Анализа на макроекономските показатели во третиот квартал на 2017 година 72

Слика 32: Анализа на макроекономските показатели во четвртиот квартал на 2017 година 72

Слика 33: Анализа на макроекономските показатели во првиот квартал на 2018 година 73

Слика 34: Анализа на макроекономските показатели во вториот квартал на 2018 година 73

Слика 35: Анализа на макроекономските показатели во третиот квартал на 2018 година 74

Слика 36: Анализа на макроекономските показатели во четвртиот квартал на 2018 година 74

Слика 37: Анализа на макроекономските показатели во првиот квартал на 2019 година 75

Слика 38: Анализа на макроекономските показатели во вториот квартал на 2019 година 75

Слика 39: Анализа на макроекономските показатели во третиот квартал на 2019 година 76

Слика 40: Анализа на макроекономските показатели во четвртиот квартал на 2019 година 76

Слика 41: Анализа на макроекономските показатели во првиот квартал на 2020 година 77

Слика 42: Анализа на макроекономските показатели во вториот квартал на 2020 година 77

Слика 43: Анализа на макроекономските показатели во третиот квартал на 2020 година 78

Слика 44: Анализа на макроекономските показатели во четвртиот квартал на 2020 година 78

Слика 45: Анализа на макроекономските показатели во првиот квартал на 2021 година 79

Слика 46: Анализа на макроекономските показатели во вториот квартал на 2021 година 79

Слика 47: Анализа на макроекономските показатели во третиот квартал на 2021 година 80

Слика 48: Анализа на макроекономските показатели во четвртиот квартал на 2021 година 80

Слика 49: Анализа на макроекономските показатели во првиот квартал на 2022 година 81

Слика 50: Анализа на макроекономските показатели во вториот квартал на 2022 година 81

Слика 51: Анализа на макроекономските показатели во третиот квартал на 2022 година 82

Слика 52: Анализа на макроекономските показатели во четвртиот квартал на 2022 година 82

Слика 53: Надлежни институции за контрола на државната помош во земјите на Западен Балкан 86

Слика 54: Преглед на фискални и не-фискални стимулации/поттикнувања во останатите земји од Западен Балкан 95

1.ВОВЕД

Процесот на глобализација во рамките на светската економија значително придонесе за зголемување на значењето на странските директни инвестиции (СДИ) за економскиот раст и развој. Благодарение на глобализацијата се овозможува интеграцијата на поединечните стопанства во едно заедничко светско стопанство како нова форма на организација со чија помош се врши управување со економските текови. Глобализацијата може да се толкува како процес на трансформација на националните стопанства во еден глобален производен систем, аналогно на тоа и систем на потрошувачка во кој се врши размена. Таа успеа да формира еден интегриран, заеднички пазар на кој што се среќаваат светската понуда и побарувачка и со либерализација на пазарите на голем број производи и услуги, технологија, труд, капитал и информации. Всушност, глобализацијата претставува постојано растечки процес на интеграција на националните економии што работат во институционален амбиент во кој клучна улога имаат меѓународните трговски и финансиски институции (СТО, ММФ,Светска банка). Со други зборови, таа ги отвора вратите за алокација и експлоатација на производните ресурси за зголемување на самото производство, а со тоа и животниот стандард; подобриот пристап до технолошките достигнувања и нивно поголемо применување; подобрување на квалитетот на самите производи, зголемување на потрошувачката; подобри и поевтини информации итн.Либерализацијата успева да ја зголеми потребата од поголема продуктивност, односно потребата од производство на добра и услуги кои ќе останат конкурентни на својот пазар.

Директните инвестиции суштински можат да се дефинираат како инвестиции во факторите на производство: во капитални добра, во земја или во залиха, каде што инвеститорот е вклучен како во инвестирањето, исто така и во менаџментот, задржувајќи ја контролата над пласираниот капитал. Директните инвестиции се преземени од страна на транснационалните компании од преработувачката индустрија, од услужните дејности од други области и оттука овие компании се јавуваат во својство на доста значен дистрибутер на меѓународните текови на капиталот, трудот и технологијата, на глобално ниво. Благодарение на сето тоа, странските директни инвестиции регистрираат одличен

раст во рамките на светската економија.

Аналогно на тоа, најчесто земјите во развој кои имаат потреба од определени инструменти за подобрување на своите економски текови, гледаат на странските директни инвестиции како стратешка можност за поттикнување, раст и развој на националната економија. Главни носители на странските директни инвестиции се мултинационалните коорпорации придонесуваат за развојот на бројни национални економии. Високоразвиените земји, со својата економска моќ им го наметнуваат на останатите земји кои се помалку моќни своето општествено уредување, како и својот модел на раст и развој. Но од друга страна пак доколку не постојат транснационалните компании нема да биде возможна самата интеграција на пазарите на производите и услугите како и технологијата, а додека пак транснационалните банки се експонираат како поттикнувачка сила на процесот на интеграција на пазарите на капитал. Суштински производствениот прогрес на овие компании се препишува на нивните филијали кои се дисперзирани насекаде во светот, а на транснационалните банки им припаѓа доминантниот дел од кредитите на светскиот пазар на капитал. Со нивна помош најчесто се врши дистрибуција на модерна и современа технологија, знаење, вештини и искуство, се врши активација на веќе постоечки потенцијали итн. Тоа индиректно влијае врз унапредувањето на светските економски текови. Покрај тоа тие придонесуваат да се отворат нови работни места, да се подобри квалитетот на работната сила, да се применуваат најсовремени и најмодерни технологии, како и да се унапредат деловните односи помеѓу економските ентитети во рамките и надвор земјата во која што се инвестира.Во многу земји, кои се традиционални извозници на еден или неколку производи, мултинационалните корпорации со своите нови производствени програми вршат диверзификација на извозната програма. Од оваа гледна точка може да се согледа дека следниот чекор се мерките, стратегиите и активностите кои треба да се преземат се со цел земјите во развој да успеат да ги привлечат мултинационалните корпорации.

Ефектите од странските директни инвестиции се детерминирани од повеќе фактори, генерално гледано се докажува дека странските директни инвестиции се ефективен катализатор на економскиот развој и поттикнувачки фактор на економски раст во земјите од транзиција. Бидејќи овозможува прибирање и трансфер на дополнителен капитал, транфер на технологија, знаење итн. Тие можат да бидат директни и индиректни. Во случај кога странскиот инвеститор започнува вложување во нов капацитет во земјата домаќин доаѓа до директно вработување и зголемување на стапката на вработеност во

земјата домаќин. Индиректни ефекти врз вработувањето се постигнуваат кога странскиот инвеститор набавува полупроизводи од локалните понудувачи со што доаѓа до зголемување на побарувачката на домашниот пазар за полупроизводите и зголемување на вработеноста кај локалните понудувачи.

Овој магистерски труд ќе се осврне на теоретските сознанија кои се однесуваат за дефиницијата и значењето на странските директни инвестиции; нивните карактеристики; факторите кои влијаат врз нивниот развој и ефектите кои ги предизвикуваат. Исто така, ќе стане збор за политиките кои треба да ги предводи централната власт доколку е заинтересирана за привлекување и применување на оваа форма на меѓународна трговија во рамките на својата национална економија, преку примерите на македонската централна власт како и некои западно балкански власти. На крај, трудот треба да даде одговор на поставените хипотези низ призмата на аналитичките методи, кои треба да укажат кон крајниот заклучок.

2.ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

2.1 ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ НА ИНВЕСТИЦИИТЕ

Етимолошки, поимот **инвестиција** има латинско потекло, односно потекнува од латинскиот збор „investicio" и има две значења[1]. Првото значење се однесува на паричните вложувања кои имаат цел да создадат конкретно добро, а додека пак второто значење се однесува на самото добро во физичка смисла на зборот кое што се наоѓа во самиот процес на создавање. Инвестициите се вложувања на парични средства на долг рок, се со цел генерирање на приход за некој иден период или апрецијација. По својата природа, инвестицијата не служи за конзумација на доброто во кое што вложувачот инвестира, туку нејзината намера е користењето на тоа добро во некој иден период за да создаде богатство или да ја зголеми неговата вредност со текот на времето.

Бенефитите од инвестирањето се со одложен карактер, односно се врши употреба и алокација на ресурсите денес, независно од тоа за каков вид на ресурс станува збор - време, напор, пари или средство, се со цел уживање и користење на очекуваните бенефити во поголема мера од првичниот влог во некој иден период. Пример, инвестиција во некое парично средство со надеж дека ваквиот потфат ќе донесе некој иден приход или може да се продаде по некоја повисока цена и со тоа по автоматизам да се оствари профит. Чинот на претворањето на паричните средства во влогот се нарекува инвестициона активност.

Покрај тоа што инвестициите можат да се набљудуваат од микро аспект – од гледна точка на секој поединец, тие имаат огромно значење и на макро ниво односно ниво на една национална економија. Оттука, значењето на инвестициите се согледува во целосното обновување и проширување на производната база на една национална економија. Аналогно на тоа, инвестициите добиваат својство на преодна алатка помеѓу заштедите и капиталните фондови.

---

[1] Преземено од:
https://eprints.ugd.edu.mk/584/1/Katerina_Halaceva.pdf

Инвестиционите средства можат да произлезат од:[2]


- Делот на бруто домашниот производ издвоен како амортизација;
- Делот од бруто домашниот производ, т.е. новосоздадената вредност издвоен како заштеди.

Инвестициите ги поврзуваат и активираат и другите фактори на развојот: техниката, технологијата, знаењето, природните богатства, инфраструктурата итн. Тоа подразбира дека инвестициите дополнително ги активираат природните ресурси, отвараат нови работни места со тоа што ја намалуваат стапката на невработеност во земјата и влијаат врз зголемувањето на бруто домашниот производ, вршат модернизација на постоечките капацитети со што се врши имплементација на современите иновации и подобриот техничко – технолошки процес, со тоа се врши трансфер и примена на новите знаења, се зголемува продуктивноста и економскиот раст и развој. Со други зборови кажано, инвестициите се главниот двигател на економскиот раст и со нив се зголемуваат капиталните фондови, изразени во градежни работи, опрема, залихи и пораст на производниот капитал. Растот на капиталот е услов за раст на вработеноста и на доходот во целост. Во суштина, инвестициите не се ништо друго односно разликата меѓу вкупниот доход и потрошувачката во еден одреден временски период, кои се трансформираат во фиксни и обртни капитални добра. Во принцип, повисокиот доход создава повисоки заштеди, што пак допринесува за создавање на повисока стапка на инвестиции, но дали дел од заштедите ќе се трансформираат во инвестициите зависи од целината т.е. квалитетот на економскиот систем. **Инвестициите се вбројуваат меѓу најзначајните фактори на економскиот развој, особено во неразвиените економии.** Инвестициите кои се јавуваат како вкупен капитал, фактички претставуваат катализатор („врзувач“) на останатите фактори на развој на економијата, како што е тоа прикажано на слика 1.[3]

---

[2] Преземено од:
https://www.nbrm.mk/WBStorage/Files/3ta-nagrada-investiciona-politika-slucajot-so-RM0.pdf

[3] https://www.nbrm.mk/WBStorage/Files/3ta-nagrada-investiciona-politika-slucajot-so-RM0.pdf
https://www.nbrm.mk/WBStorage/Files/3ta-nagrada-investiciona-politika-slucajot-so-RM0.pdf



Слика 1: Развојни фактори на економијата
Извор: https://www.nbrm.mk/WBStorage/Files/3ta-nagrada-investiciona-politika-slucajot-so-RM0.pdf

2.1.1 ОБЛИЦИ НА ИНВЕСТИЦИИТЕ

Генерално, инвестициите се јавуваат во два облици:

- **Како кредитно задолжување на државата во странство;**
- **Како странски директни инвестиции, каде државата не се задолжува.**

Исто така, инвестициите може да се поделат на:[4]

1. **Инвестиции за замена;**
2. **Нето инвестиции;**
3. **Бруто инвестиции;**
4. **Дезинвестиции.**

[4] Преземено од: https://www.scribd.com/document/484580638/%D0%92%D0%B8%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B8-%D0%BD%D0%B0-%D0%B8%D0%BD%D0%B2%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%86%D0%B8%D0%B8

Инвестициите за замена се дел од капиталот кој се обезбедува преку амортизација (амортизационите отписи) и се вршат во производството, како вид на „заштита“ на постојните фиксни фондови. Овие инвестиции, всушност покажуваат кој дел и колку од капиталот се повратил и оттука произлегува неговата заштитна функција. Замената најчесто не значи употреба на инвестициите за замена на старата со иста таква, туку купување на нова опрема и нова технологија, на местото на старата. Од посебна важност е со реалната амортизација да се зачува вредноста на основните средства. Затоа е од особено значење редовната ревалоризација, односно постапката за преоценување на набавната вредност на основните средства според движењето на инфлацијата. **Нето инвестициите** се дел од новосоздадената вредност (заштедите) кој се трансформира во нови капитални инвестиции. Со други зборови кажано, тие ја означуваат големината на делот од новосоздадената вредност, односно делот од заштедата кој е трансформиран во нови капитални добра. Оттука, нето инвестициите произлегуваат од заштедата и се дел од тековната работа како нови додавања на постојните фондови со кои се обезбедува раст и развој на стопанството.

Бруто инвестициите ги опфаќаат сите форми на инвестирање, без разлика на облиците во кои се јавуваат или потеклото. Тие ја покажуваат целината на инвестиционите фондови. Издвојувањето на средства за инвестиции како инвестиции за замена и нето инвестиции има значење за евиденцијата, да се знае од кои извори се обезбедуваат средствата и за нив нема законско ограничување како ќе бидат употребени и затоа е економски оправдано да амортизацијата привремено се наменува за нови капацитети.

Дезинвестициите (или дезинвестирање) постои кога има намалување и уназадување, т.е. кога се подјадуваат постојните инвестициони фондови (при посебни околности како што се војни, елементарни непогоди итн). Дезинвестирањето се појавува кога амортизацијата е помала од бруто инвестициите или во основни фондови од вкупната маса на капитални фондови на ниво на национална економија.

Исто така, некои други автори ги делат пак инвестициите:

1. **Според тоа каде се насочени на: основни или во обртни средства**

2. **Во однос на развојот се поделени на: демографски и економски (кои се износот над демографските).**

Инвестирањето во основни средства е од огромно значење за продуктивноста на трудот, а продуктивноста ја детерминира побарувачката на фирмите за труд. Имено, ако порастот на инвестициите во основни средства ја зголеми маргиналната продуктивност на трудот, тоа ќе ја зголеми побарувачката на трудот и вработеноста. Основната хипотеза е дека инвестициите во основни средства во секторот индустрија ќе ја зголеми маргиналната продуктивност на вработените во овој сектор, тоа ќе ја зголеми побарувачката на работна сила и вработеноста. Додека пак, **инвестирањето во обртни средства** е меч со две острици, кој од едната страна е неопходност за нормалните работни текови, а додека пак од другата страна превисокото вложување односно инвестирање во обртни средства може да доведе до значително намалување на профитабилноста на претпријатието. За таа цел е потребно менаџментот на претпријатието постојано да води сметка за оптималната висина за потребата од обртни средства, бидејќи претераното вложување води кон недостаток на ликвидни средства, што на долг рок го доведува деловниот субјект до несолвентност. За **демографски** се сметаат инвестициите кои треба да бидат барем во тој обем за да може да се задржи достигнатото ниво на развиеност, односно достигнатиот доход по глава на жител. Тие се викаат демографски, бидејќи се зема предвид односот меѓу порастот на општествениот производ и порастот на населението. Доколку целта е да се постигне општествениот прогрес, порастот на производството треба да биде повисок од порастот на населението. Тоа се постигнува со **економските инвестиции**, кои се повисоки од демографските кои даваат повисоки резултати од веќе достигнатото ниво на општествен производ по жител.[5]

2.2 ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ НА СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ

[5] Преземено од: https://www.scribd.com/document/484580638/%D0%92%D0%B8%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B8-%D0%BD%D0%B0-%D0%B8%D0%BD%D0%B2%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%86%D0%B8%D0%B8

Исто така, за инвестиции се сметаат и сите деловни активности и потфати каде што инвеститорот е со седиште во една земја и донесува одлука за извоз на капитал во друга земја, се со цел да можат да се извршуваат деловните активности и по автоматизам да стекнува имот и материјални средства во странска држава. Во овој случај, ваквиот тип на инвестиции добива карактер на странски директни инвестиции. **Странските директни инвестиции, всушност претставуваат форма на движење на капиталот од една во друга земја со која што извозникот на капиталот се стекнува со учество од над 10% во сопственоста на странското претпријатие.** Суштината на странските директни инвестиции лежи во долгорочниот интерес на инвеститорот, особено во одржливоста на инвестицијата и аспектите на донесување на одлуки. Различни земји имаат различни стандарди за учество на капиталот на инвеститорот во инвестицијата, како би се сметала за странска директна инвестиција. Затоа, се поставува прашањето до кој степен странскиот инвеститор треба да инвестира во друга земја за да вложувањето се смета за странска директна инвестиција.

Во овој контекст, според релевантни меѓународно политички и економски-финансиски организации како што се Светска банка, ММФ, УНКТАД, ОЕЦД, итн за да се смета за директна странска инвестиција, инвеститорот мора да инвестира најмалку десет проценти од неговиот акционерски капитал во однос на вкупната инвестиција во странската компанија во која инвестира. Се смета дека овие десет проценти би создале кредибилитет на учесникот во директната инвестиција со долгорочен и одржлив интерес за направената инвестиција. Сепак, дури и ако нивото на странски инвестиции е под нивото од 10 проценти, тоа е сосема доволно да му обезбеди на инвеститорот директна моќ на гласање, што подразбира дека странскиот инвеститор може да влијае врз донесувањето на одлуки во компанијата, овој процент на инвестиции се смета за странска директна инвестиција, иако нивото на странски инвестиции е под десет проценти. Сепак, некои земји и некои релевантни меѓународни организации, како што е ОЕЦД, укажуваат дека покрај процентот на акционерскиот капитал, постојат и други начини преку кои странскиот инвеститор може да оствари моќ за донесување одлуки во компанијата, како на пример преку поддоговори, менаџерски договори, франшизи, лиценци и слично. Прирачникот за платен биланс на ММФ (5-то издание) ги дефинира странските директни инвестиции како категорија на меѓународно вложување што ја рефлектира целта на резидентот од една економија (директен инвеститор) да се стекне со траен интерес во претпријатие што е резидент во друга економија.

Целта на директниот инвеститор е да обезбеди значителен степен на влијание врз управувањето со резидентнаата компанија на друго место “(Daning, 1993, 5, цитиран во Bitzenis, Vlachos и Papadimitrou, 2012 година).

Странските директни инвестиции не се современ феномен. Нивната појава датира уште пред многу векови како резултат на империјални освојувања или други движења од едно место до друго место на светот. Историските податоци покажуваат дека почетоците на странските директни инвестиции датираат уште од времето на Александар Велики, во кое што биле забележани трансфери на технологија од Европа во Азија и обратно. Тоа продолжило и во времето на Римското Царство, Османлиската Империја, инвестициите направени од земјите на Западна Европа во периодот во кој што е откриен континентот Америка итн. Еден од клучните инструменти за апсорбирање на економските можности како резултат на глобализацијата и либерализацијата на пазарот заедно со техничко – технолошкиот прогрес беа и останаа да бидат, странските директни инвестиции.[6]

Странските директни инвестиции претставуваат еден од најважните инструменти за посредување кои во една национална економија го поттикнуваат производството, увозот на know how-от, раст на вработеноста, развојот на инфраструктурата, намалување на сиромаштијата итн. Бенефитите кои се остваруваат со приливот од странските директни инвестиции, предизвикаа остра конкурентност на глобалните пазари на слободниот капитал, а се со цел, привлекување на што пообемни и разновидни странски директни инвестиции. Општиот тренд на светскиот пазар на странските директни инвестиции е бришење на географските граници помеѓу земјите во развој и развиените земји: претензиите на земјите во развој за привлекување на капитално интензивни инвестиции, како и инвестиции во истражување и развој. Директните странски инвестиции може да се дефинираат и како вложувања на капитал од претпријатијата од странски земји или мултинационални компании во капацитети, во вид на претпријатија или филијали во земјата-домаќин. Според тоа, со странските директни инвестиции се стекнува сопственичка контрола.[7]

---

[6] Преземено од:
https://eprints.ugd.edu.mk/24436/1/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8%20%D0%B4%D0%B8%D1%80%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BD%D0%B8%20%D0%B8%D0%BD%D0%B2%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%86%D0%B8%D0%B8.pdf

[7] Преземено од:

2.3 ВИДОВИ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ

Како основни облици на странски директни инвестиции се сметаат:[8]

- **Greenfield инвестиции** - инвестиции кога странскиот инвеститор гради нови производни капацитети со 100% сопственост на странскиот инвеститор со основање на ново претпријатие;
- **Mergers & Acquisitions** – инвестирање во веќе постоечко претпријатие, со тоа што се инвестира односно се стекнува мнозински удел во неговата сопственост, со купување на претпријатие, купување на акции или директно купување на сопственичкиот удел преку што се остварува оваа форма на инвестирање - спојување и аквизиција;
- **Joint venture** – инвестирање по пат на заедничко вложување со домашните фирми од земјата примател.

Основен критериум за поделба на странските директни инвестиции од страна на Светска банка е мотивот за инвестирање, кој овозможува поедноставно одредување на целните групи на инвеститори.

Па така, постојат странски директни инвестиции се разликуваат по тоа што се:

- **Инвестиции кои бараат ресурси** (инвестиции кои бараат природни ресурси како руди, суровини или земјоделски производи и инвестиции кои бараат евтина и обучена работна сила);

---

https://www.nbrm.mk/WBStorage/Files/3ta-nagrada-investiciona-politika-slucajot-so-RM0.pdf

[8] Преземено од:
https://eccfp.edu.mk/files/PostgraduateUpload/nenovska_doktorska.pdf

- **Инвестиции кои бараат пазари** (инвестиции кои доаѓаат на пазари каде увозот на одредени производи е висок, инвестиции кои го следат движењето на своите купувачи големите компании и инвестициите кои ги следат трендовите на пазарот и ангажираат локални добавувачи);

- **Инвестиции кои бараат зголемување на продуктивноста на производството** што подразбира рационализација на производството или поврзување на производните операции со други компании со цел смалување на трошоците и/или специјализирано производство;

- **Инвестиции кои бараат постоечки капацитети** како би ги задржале и промовирале долгорочните цели на својата компанија (тие се насочени пред се кон приватизација и аквизиција, затоа што со купување на постоечки компании ја задржуваат производната програма и постоечкиот пазар).

Постојат три главни категории на странски директни инвестиции:

- **Equity капитал** кој претставува вредност на инвестицијата во акции на претпријатие во странство. Сопственичкиот влог од 10% или повеќе обични акции со право на глас во акционерско друштво или соодветен еквивалент во неакционерско друштво, вообичаено се смета како граница за контрола на активата. Оваа категорија ги вклучува и аквизициите, greenfield инвестициите (создавање на нови капацитети) и browfield инвестициите (купување на веќе постоечки магацини, хали, канцелариски простории, делови на градежно земјиште кои се загрозени со поранешно користење, се запуштени, повеќе не се користат, може да создадат проблеми со загаденоста, се наоѓаат во изградено убрано подрачје и кои бараат инвестиции како би биле вратени на поквалитетно користење). Спојувањата и аквизициите се важен извор на странски директни инвестиции за развиените земји, иако нивниот релативен удел значително варира.

- **Реинвестирана добивка** (профит) се приходите на афилијациите кои не се распределени во дивиденда и не се вратени назад во матичната компанија и се претпоставува дека задржаниот профит се реинвестира во афилијациите. Оваа категорија претставува и до 60% од излезните инвестиции за земјите како што се САД и Велика Британија.

- **Останат капитал** е категорија која се однесува на краткорочни и долгорочни позајмици и заеми помеѓу матичната фирма и афилијациите. Останатиот капитал ги вклучува краткорочните и долгорочните заеми, трговски кредити, финансискиот лизинг и сл.

Постојат повеќе причини зошто операциите на мултинационалните компании се поприродни во индустриските гранки кои произведуваат во споредба со услугите, од кои повеќето може да се сведат во две широки категории. Прво постојат причини кои го истакнуваат значењето на вертикалните странски директни инвестиции, во чии рамки претпријатието ги лоцира различните фази од своето производство во различни земји. Овој тип на инвестиции по правило се разгледува како резултат на различните инпут трошоци во различните земји.

Друга голема категорија на предности за мултинационалните операции произлегува од хоризонталните странски директни инвестиции каде сличните облици на производни активности се лоцираат во различни земји, односно кога компанијата го лоцира производството на еден или повеќе слични производи во различни земји. Мотиви за овој вид на инвестиции се на пример: транспортните трошоци за производство кои можат да го направат локалното производство попрофитабилно; некои производи бараат да се произведуваат во близината на потрошувачите; локалното производство може полесно да се прилагоди на локалните производни стандарди и локалното производство има подобри информации за локалната конкуренција.[9]

2.3 ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ

Постојат голем број критериуми врз чија основа се врши класификација и поделба на странските директни инвестиции, но она што е најважно е тоа што секоја компанија поаѓа од различен сет на мотиви во процесот на одлучување. Процесот на одлучување е

[9] Преземено од:
https://eccfp.edu.mk/files/PostgraduateUpload/nenovska_doktorska.pdf

зависен од голем број на фактори како што се потенцијалниот профит, долгорочноста на работењето, како и условите кои ги нуди земјата домаќин.

Еден од најповолните фактори за развојот на странските директни инвестиции се идеалните работни услови во рамките на земјите кои овозможуваат да се комбинираат предностите на сопственоста со предностите на локацијата во одредена земја. Со други зборови кажано, фокусот на инвеститорот е насочен кон низа фактори кои ја одразуваат комплетната стабилност на земјата: **политичка, економска и правна сигурност, големината на пазарот, географската локација, расположивоста на човечки и природни ресурси.** Во зависност од аспектот на вложувањето: мотивот на вложувањето (барањето на нови пазари, ресурси или поголема ефикасност), типот на инвестицијата (греенфилд или во постоечка фирма), секторот во кој се вложува (производство или услуги) и големината на инвеститорот, како и специфичните фактори на локацијата во која се вложува, делуваат различни детерминанти во различни случаи.

- ✓ **Доколку инвеститорот е во потрага по нови пазари со цел постигнување на економија на обем на веќе развиеното производство треба да обрне внимание на: големината на локалниот пазар, куповната моќ на населението, стапките на раст на пазарот, преференциите на купувачите и структурата на домашниот пазар.**

- ✓ **Кога мотивот на странските инвеститори е барањето на ресурси тогаш треба да се земат предвид: цените на суровините, цените на работната сила, физичката инфраструктура (патишта, железница, пристаништа, телекомуникации, енергија) како и нивото на технолошкиот развој.**

- ✓ **Доколку странскиот инвеститор има за цел да ја зголеми ефикасноста, странските директни инвестиции се детерминирани од можноста за зголемување на конкурентноста, преку пониски трошоци на производство и целокупното работење.**

- ✓ **Детерминантите на странските директни инвестиции кои се мотивирани од повисока ефикасност, всушност се комбинација од детерминантите на претходно наведените два типа на инвестиции.**

Во својство на клучни фактори кои го детерминираат развојот на странските

директни инвестиции се јавуваат **економските, технолошките, политичко-правните и социолошко културните фактори кои се одразуваат директно врз инвестициските мотиви**.[10]

При анализата на окружувањето на потенцијалната земја домаќин странските инвеститори како **најважни економски фактори ги сметаат: економскиот систем, основните економски индикатори, постојната инфраструктура, мотернатата и фискалната политика**. Стабилноста на националната економија и поволното бизнис окружување позитивно влијаат врз одлуката за инвестирање во одредена земја. Странските инвеститори нема никогаш да се одлучат да инвестираат во нестабилното стопанство со нестабилна национална валута, неконзистентана монетарна и фискална политика и со висока стапка на инфлација.

Технолошките фактори произлегуваат од различната комбинација на опрема, знаење и вештини, а како фактори од посебен интерес за странските инвеститори се: расположивите енергетски суровини, информативната инфраструктура, оспособеноста на работната сила, законската заштита на индустриската сопственост и сл.

Изградената сообраќајна и телекомуникациска инфраструктура, изградените пазарни институции, правната инфраструктура, особено при заштитата на интелектуалната и индустриската сопственост, а секако и квалификувана работна сила која е мобилна и адаптивна за новите технологии и новите технолошки и организациски процеси, како битни елементи кои позитивно делуваат врз одлуката за инвестирање на странските инвеститори.

Политичко-правните фактори произлегуваат од политичкото окружување на земјата кое влијае врз креирањето на законите, а во овие фактори влегуваат: **стабилноста на владата, регулирањето на трговијата, надворешната политика и правниот систем**. Политичката стабилност на земјата потенцијален домаќин на странски директни инвестиции е од особено значење и позитивно делува на развојот на земјата и привлекување на странски капитал, затоа што странските инвеститори скоро никогаш не

[10] Преземено од:
https://eccfp.edu.mk/files/PostgraduateUpload/nenovska_doktorska.pdf

доаѓаат во нестабилни и турболентни подрачја. Политички нестабилните земји привлекуваат шпекулативен капитал, кој заради зголемениот ризик очекува брза и голема заработувачка.

На крај анализата на меѓународното окружување завршува со анализа на **социокултурните фактори** со посебно внимание на навиките и обичаите, моралните норми, стилот на живеење, ставот спрема странските државјани и социјалните институции. Разликите во културата помеѓу народите влијаат на организацијата на човековите активности, заради што треба да се креира широко прифатен концепт на различности во деловната практика.

Факторите кои го детерминираат развојот на странските директни инвестиции во суштина се и потенцијалните ризици со кои можат да се соочат странските инвеститори. Инвестицискиот ризик е во правопропорционален однос со профитната стапка, што значи колку ризикот е поголем толку и поголема е и профитната стапка и обратно. Со цел да се зголеми профитната стапка и да се намалат ризиците на странските инвеститори, земјите често им даваат посебни поволности на странските инвеститори, како користење на даночни стимулации, финансиски субвенции и регулаторни повластици. Ваквите стимулации неможат да бидат супститут на создавање на поволна општа бизнис клима, но можат да ја надополнат добрата инвестициска клима или да бидат компензација за утврдени неперфектности на домашниот пазар кои неможат да се решат на друг начин.

Стимулациите со чија помош се поттикнуваат странските директни инвестиции се мерки кои се дизајнираат се со цел да се влијае врз големината, локацијата или индустријата на инвестицијата со одредено влијание врз неговите релативни трошоци или промена на ризикот поврзан со тој проект, преку мерки кои не им се расположиви на соодветните домашни инвеститори. Оттука, странските директни инвестиции се носители на дискриминаторски карактер. Тоа се должи на фактот што државните органи прават разлика меѓу домашните и странските претпријатија со самото тоа што за домашните претпријатија распишуваат и воспоставуваат поригорозни и построги

работни политики од политиките кои важат за странските претпријатија се со цел привлекување на странскиот капитал во рамките на домашната економија.

Стимулациите се од различен карактер и тоа од фискален, финансиски и регулаторен карактер.[11]

Како најчесто користени фискални стимулации се сметаат:

- Намалена стапка на корпоративен данок (даночни ослободувања за новоформирани фирми за одреден период, намалена стапка на данок на корпоративен профит, специјални зони со даночни привилегии т.н.слободни економски зони);

- Стимулации за капитални вложувања (отписи на данок во висина на капиталните вложувања најчесто во форма на забрзана амортизација, даночни кредити за капитални инвестиции, намален данок за реинвестирана добивка или даночен кредит за реинвестирана добивка);

- Намалени трошоци во прекуграничните операции (намалена стапка на данок за профитот кој ќе се трансферира надвор од земјата, редуцирани царински стапки, пониски стапки на персонален данок и социјални придонеси за вработените во странските фирми);

- Други даночни стимулации (како селективно намалување на данокот на промет и ДДВ за странските инвестиции, повластени стапки за данок на имот).

Финансиските стимулации најчесто се применуваат кога земјата е перципирана како помалку конкурентна (пример, заради делумна политичка нестабилност или понизок степен на развој во однос на конкурентите).

И тие се однесуваат на:

- Инфраструктурни субвенции (обезбедување на бесплатна инфраструктура за странските инвеститори);

[11] Преземено од: https://eccfp.edu.mk/files/PostgraduateUpload/nenovska_doktorska.pdf

- Обука за вработените (со државни субвенции се финансира обуката и преквалификацијата на работниците со што значително се намалуваат иницијалните трошоци на странските инвеститори);

- Административна помош (државните агенции им помагаат на странските инвеститори во добивањето на разни дозволи потребни за започнување и извршување на бизнисот, по намалени цени или бесплатно);

- Привремено субвенционирање на платите (привремено покривање на дел од трошоците за плати на вработените);

- Кредити на инвеститорите (преку одобрување на меки заеми со супсидирана каматна стапка за странските инвеститори или пак намалување на трошоците преку издавање на гаранции за кредити);

- Реален имот (продажба на локален или државен имот на странски инвеститори по супсидирани цени, иако многумина ја сметаат за нултатрошковна мерка за државата во случај кога земјиштето претходно не било издавано или користено);

- Партиципација во трошоците (покрај помагањето на инвеститорите да ги намалат иницијалните трошоци, во одредени случаи земјите им даваат и подолгорочна поддршка преку партиципација во трошоците на фирмата за маркетинг и развој, па дури во одредени случаи и преку партиципација и во оперативните трошоци).

Покрај земјите во развој, финансиски субвенции даваат и земјите со развиена економија, но основната карактеристика на финансиските стимулации кои ги даваат развиените земји на странските инвеститори е дека тие се даваат исклучително за нови инвестиции, односно за отворање на нови производни капацитети.

Регулаторните стимулации се мерки кои овозможуваат повластен третман во однос на она што го пропишува постоечката домашна регулатива во одредени области и најчесто се манифестираат во олеснување на еколошките, социјалните и слични стандарди и воглавно се однесува за специфични сектори во земјите во развој. Давањето на посебни поволности на странските инвеститори предизвикува трошоци за земјата домаќин и затоа тие се оправдани до степен додека користа од странските директни инвестиции е поголема од трошоците што ги прави државата.

2.4 ЕФЕКТИТЕ ОД СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ

Странските директни инвестиции произведуваат два ефекти на пазарот на земјата домаќин: првиот, ефектот на конкуренцијата и вториот, ефектот на врските. Ефектот на конкуренцијата се манифестира на два начина, со различна тежина: замена на домашните финални производи и зајакнување на конкуренцијата на пазарот. Можните несакани влијанија од овој ефект врз домашната индустријата преку присуство на странски компании се компензираат преку ефектот на врските. Странските фирми воспоставуваат еден вид на врски со домашните фирми кои се купувачи на нивните производи и друг вид на врски како купувачи на домашните производи. За разлика од ефектот на конкуренцијата, формирањето на врските доведува до комплементарност на странските и домашните фирми на пазарот. Многу поважен потенцијален резултат од градењето врски, кои го поддржуваат производството и трговијата со меѓупроизводи, се технолошките екстерналии: прелевање на технологија, знаење и продуктивност. Обемот на можниот прелив е во директен сооднос од обемот на увезена технологија. Сепак, прелевањето не може да се материјализира ако технолошкиот јаз помеѓу странските и локалните фирми е премногу голем, поради тоа што може да имаат мал капацитет за учење.[12]

Најголемиот бенефит од странските директни инвестиции е вложувањето на странскиот капитал кој го помага и поттикнува економскиот развој на земјата, особено неразвиените земји и земјите во развој. Тие имаат потреба од дополнителен прилив на странски капитал за да се обезбеди здрав и одржлив раст и развој.

Ефектите од странските директни инвестиции можат да се согледат во:

- Пренос на модерна и современа технологија;
- Употреба на домашни суровини во процесот на производство;

[12] Преземено од: https://eprints.ugd.edu.mk/24436/1/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8%20%D0%B4%D0%B8%D1%80%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BD%D0%B8%20%D0%B8%D0%BD%D0%B2%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%86%D0%B8%D0%B8.pdf

- Зголемување на буџетските приходи, по основ на даноци, такси и други давачки;
- Подобрување на конкурентноста на пазарот, со тоа што се намалуваат условите за царување на пазарните монополи и елиминација на неефикасните економски субјекти на пазарот;
- Отварање на нови работни места, намалување на невработеноста;
- Пораст на платите и подобрување на животниот стандард, како и усовршување на пазарот на трудот;
- Зголемување на БДП и др.

Покрај своите бенефити, директните странски инвестиции сепак носат со себе и некои непосакувани елементи како што се:

- Јазични бариери и физичка оддалеченост;
- Инвестиции од страна на транснационалните компании, заради актуелните ставови дека нивните производи се стекнуваат со многу силна монополистичка моќ која ретко кој може да ја ограничи;
- Можна оштета на самиот инвеститор по пат на неправедна експропијација на имотот, политичка неправедност, нефер конкуренција на новиот пазар, затајување на информации од страна на владата итн.

Странските директни инвестиции се како меч со две острици, односно не секогаш позитивно делуваат врз инвестициите. Доколку се одлучи да се инвестира во сектор во кој што се одржува здрава конкуренција може да се заостри конкурентската борба и сето тоа да резултира со намалување на залихите и одложување на инвестициите, како и напуштање на пазарот од страна на одредени претпријатија во тој сектор. Тоа ги намалува вкупните инвестиции во тој сектор, па на тој начин и во целото стопанство. Но, доколку се инвестира во нов сектор, во тој случај нивното влијание е позитивно. Иако во емпириската литература се среќаваат и мислења кои се скептични во однос на значењето и позитивното делување на странските директни инвестиции врз економскиот раст на земјата примател, мнозинството на емпириски истражувања, а и меѓународните

финансиски институции како ММФ и Светска банка, го потврдуваат позитивното делување на странските директни инвестиции врз економскиот раст и развој. Конскевентно, владите на земјите во развој придаваат големо значење на странските директни инвестиции и сметаат дека тие не само што позитивно делуваат туку се неопходни за остварување на диманичен развој, што предизвика остра конкуренција мегу земите во развој во донесувањето на мерки за привлекување на странски директни инвестиции.[13]

2.5 ПОЛИТИКИ ЗА ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА СТРАНСКИ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ

Политиките за привлекување на странските директни инвестиции се прилагодливи на економските услови во рамките на една национална економија. Тоа значи дека секоја земја спроведува сопствена политика за привлекување странски директни инвестиции, во различна форма. На пример, некои земји тоа го прават преку намалување на даноците, некои преку доделување одредени грантови и сл. Други пак, се обидуваат да привлечат странски капитал преку подобрување на сопствената инфраструктура, со цел да се исполнат потребите на инвеститорите. Генерално, националните економии се обидуваат да ги намалат административните бариери и бирократијата. Макроекономските реформи се насочени кон поедноставување на регулацијата, зацврстување на сопственичките права, зголемување на флексибилноста на пазарот на труд итн.[14]

Политиките за привлекување на странските директни инвестиции понекогаш содржат специјално таргетирани напори за подобрување на домашната економска средина. Некои земји, на пример, промовираат ниски даночни стапки за да привлечат

---

[13] Преземено од: https://eprints.ugd.edu.mk/584/1/Katerina_Halaceva.pdf

[14] Преземено од: https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8_%D0%B4%D0%B8%D1%80%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BD%D0%B8_%D0%B8%D0%BD%D0%B2%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%86%D0%B8%D0%B8

странски инвеститори како и да ги поттикнат домашните претпријатија. Исто така, се промовираат и стратегии кои вклучуваат промоција на повластени тарифни режими, намалување или ублажување на формалностите и процедурите, зголемување на инвестициите во инфраструктурата и други мерки. Политиките за директни инвестиции може да бидат насочени кон одредени економски сектори кои се сметаат за приоритетни во рамките на националната економија, други имаат за цел да го продлабочат капиталот преку инвестициски субвенции итн.

Најчесто, политиките на привлекување на странските инвестиции се имплементираат преку значаен број на програми, мерки, форми на поддршка на инвестициите што вклучува и фискални и нефискални мерки кои потпаѓаат во категоријата на државна помош. Според европските експерти државната помош за стимулирање на странските директни инвестиции предизвикува конкуренција меѓу земјите во регионот, со тоа што секоја земја се бори да понуди што е можно подобри услови за инвестирање што според нив може да доведе до трка на дно. Аналогно на тоа, во рамките на европските земји се врши контрола на државната помош заради самото тоа што секој субјект кој ја користи државната помош по автоматизам се стекнува со предност во споредба со неговите конкуренти.

Затоа европската регулатива генерално ги забранува политиките на централната власт за помош, освен ако не е оправдана од причини за постигнување на општ економски развој. За да се почитуваат овие правила, правните акти се применуваат подеднакво на целата територија на Европската Унија, а Европската Комисија е задолжена за осигурување на потребната доза на сигурност дека доделената државна помош е економски оправдана и е во согласност со европската легислатива.

Една мерка се смета за државна помош доколку: [15]

- да постои интервенција од страна на државата или преку државни ресурси кои можат да имаат најразлични форми (пр. грантови, каматни и даночни олеснувања, гаранции, делумен или целосен удел на државата во некое друштво/компанија како и давање стоки и услуги по преференцијални услови, итн.);

[15] Преземено од:

https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2020/06/1.-STUDIJA-Strans-Invest-Finalna-verzija_compressed-pdf.pdf

- ваквата интервенција од страна на државата да му дава предност на примателот на селективна основа, на пример за одредени деловни субјекти или индустриски сектори или на деловни субјекти лоцирани во одредени региони;
- да е нарушена конкуренцијата или да може да биде нарушена;
- да е веројатно дека интервенцијата ќе влијае на трговијата помеѓу државите - членки (за ЕУ).

Европската Унија препознава три видови на државна помош: хоризонтална, регионална и секторска помош. Односно станува збор за:

1) Хоризонталната помош е насочена кон решавање или ублажување на неуспесите на пазарот (market failures), вообичаено опфаќајќи некаков вид екстерналии (т.е. општествените трошоци што одредена деловна активност ги предизвикува, без оглед на деловните трошоци или приходите). Ваквите екстерналии може да се поврзат со кој било вид бизнис, без оглед на локацијата или секторот на фирмата. Финансирањето за овој вид државна помош главно се канализира кон проекти за истражување и развој (R&D), спасување и реструктуирање, поттикнување на вработување, заштита и унапредување на животната средина и креирање (а и опстојување) на мали и средни претпријатија (МСП).

2) Регионалната помош е насочена кон (географска) територија/регион каде животниот стандард е значително понизок од просекот на ЕУ или кон регионите кои се во неповолна положба во однос на националните проседи, на пример, поради невообичаено високи стапки на невработеност или проблеми со други социо-економски, географски или структурни природи. Целта на финансирањето на регионалната помош е да се промовираат активности што можат да обезбедат основа за долгорочен регионален развој; како таков, фокусот е ставен на помош за почетна инвестиција, а оперативна помош се доделува само под многу исклучителни околности.

3) Секторската помош е насочена кон специфични сектори кои минуваат низ процеси на конверзија, како што се секторот за јаглен, челик и бродоградба; или посебни сектори кои се сметаат дека е тешко целосно да се прилагодат на силите на конкуренцијата на пазарот (како што може да бидат на пример банкарство, авиокомпаните или автомобилски сектор). Сепак секторската помош, се администрира на начин да се намали колку што е можно повеќе каква било штета што би била нанесена на

конкурентите.[16]

Регионот на Западен Балкан во последната деценија спроведува силна политика која ги поддржува инвестиционите текови, особено странските директни инвестиции, кои вклучуваат различни мерки и бенефиции за поддршка преку различни фискални и не-фискални мерки. Некои од нив се доста видливи и актуелни, преку така наречениот „бум“ на основање и отворање на специјални економски зони. На корисниците на овие зони, кои главно се странски компании, им се овозможуваше државна помош која е значителна и по нејзината висина и вид и по опортунитетниот трошок како директен трошок или пак преку изгубен приход.

Доделената државна помош во овие зони во најголем дел спаѓаат во категоријата на регионална државна помош. Според член 107, став 3а, 10 од ТЕФУ, регионалната помош се дефинира како „помош за промовирање на економски развој на области каде што животниот стандард е невообичаено низок или каде има сериозна подвработеност“. Нивото на доделена државна помош е условено од нивото на развој на регионот, мерено преку БДП на регионот во однос на просечниот БДП на ЕУ28. Оттука, само региони со БДП по глава на жител кои се под 75% од просекот на ЕУ28 се подобни за државна помош. Покрај тоа, посиромашните региони имаат право да добиваат поголема вредност како процент од инвестицијата во форма на државна помош отколку поразвиените региони. Износот на државната помош исто така варира во зависност од големината на инвеститорот односно примателот на државна помош.

Интензитетот на помош е помал за големите претпријатија отколку за малите и средни претпријатија. Хоризонтална помош насочена кон малите и средните претпријатија исто така е достапен и компатибилен со регионалната помош во некои случаи.

[16] Преземено од:

https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2020/06/1.-STUDIJA-Strans-Invest-Finalna-verzija_compressed-pdf.pdf

Регионален БДП како % од просек на БДП на ЕУ 25	Макс. стапки во % за големи претпријатија	Дополнителна помош за мали и средни претпријатија
<75%	15-10%	+20% за мали
>75%	30%	
<60%	40%	
<45%	50%	+10% за средни

Слика 2: Максимален дозволен лимит / интензитет на државна помош во ЕУ
Извор: https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2020/06/1.-STUDIJA-Strans-Invest-Finalna-verzija_compressed-pdf.pdf

2.6 РАЗВОЈОТ НА СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Процесот на привлекување на странските директни инвестиции во последните неколку години се доста поизразени и бележат зголемен интензитет на меѓународен план, преку користењето на маркетинг низ разни светски дестинации. Ваквиот стратешки приод ја означува тенденцијата на централната власт за изнаоѓање што е можно поголем број на потенцијални инвеститори во нашата земја. Меѓутоа, покрај нејзините тенденции и стремежи, неопходно е претходно создавање на соодветни предуслови за спроведување на самиот процес. По самото осамостојување, требаше да се пристапи кон разгледување и испитување на адекватноста и стимулативноста на постојната регулатива за странски вложувања и градење на соодветна стратегија за привлекување на странски инвестиции.

Постоечката законска регулатива беше изменета и специјално дизајнирана на начин на кој обезбедува еднакви права и услови за домашните и странските инвеститори, преку поставување на заштитен систем за поголема сигурност на странските вложувања, со што земјата станува поатрактивна и попривлечна за странските инвеститори. Отпочнувањето на процесот започнува со донесувањето на Законот за странски вложувања во 1993 година, со кој се напушта поранешниот принцип на третирање на странските инвеститори според принципот “случај по случај”.

Ваквата законска регулатива е адекватна на стопанскиот систем во Република Македонија, кога се донесоа голем број на закони од областа на банкарството, приватизацијата, цариниte, даноците итн. Иако на прв поглед овој закон беше оценет како атрактивен и поволен за странски инвестиции, статистиката покажала дека

приливот на странски капитал во периодот од 1993-1996 година е незначителен со 35,5 милиони САД долари. Од тие причини во 1996 година истиот е укинат и донесен е Законот за трговски друштва со одредби кои се однесуваат на странските вложувања.

Законот на странските инвеститори му овозможува идентичен и еднаков третман и пристап до сите области и дејности како и на домашните претпријатија. Покрај тоа, странските инвеститори добиваат можност да стекнат сопственост врз недвижности и да имаат ограничени права врз недвижности за вршење на дејноста, но не можат да стекнуваат сопственост врз земјиште. Покрај тоа што странските инвеститори се стекнуваат со правото на трансфер на профитот, репатрирање на капиталот, управување и слободен пристап до финансиските извештаи, сепак статистиката за периодот од 1996-2002 година покажува дека не е зголемена атрактивноста на земјата. Нестабилното политичко безбедносно окружување, војните во регионот, конфликтот во 2001 година во Република Македонија, придонесоа Република Македонија со вкупен прилив на странски инвестиции од 838,8 милиони долари да е на дното на транзициските економии. Од тие причини, во јули 2002 година беше донесен нов Закон за трговски друштва кој ги прецизира и конкретизира условите според кои некое странско правно или физичко лице може да основа друштво или да стекне акции под исти услови како и домашните физички и правни лица. Покрај овие закони, законската регулатива за странски вложувања е надополнета со многу други како: Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, Законот за концесија, Законот за царини, Закон за осигурување, како и низа на други законски прописи од сферата на кредитните односи со странство, индустриската сопственост и авторските права, работните односи, експропријацијата. Со сите овие законски прописи направен е огромен напредок во модифицирањето на законската регулатива, која во висок степен е прилагодена со меѓународните стандарди за странски вложувања. Но крајните резултати сепак покажале дека странскиот капитал во земјата влегува во многу помал обем од очекуваниот, што индицира дека за привлекување на странскиот капитал не се потребен само добро поткован правен систем, туку потребно е и градење на сопствена стратегија и политика за привлекување на странските инвестиции. [17]

---

[17] Преземено од:
https://eccfp.edu.mk/files/PostgraduateUpload/nenovska_doktorska.pdf

За таа цел во рамките на националната стратегија за економски развој на Република Македонија во делот “Стратегија на капиталот и инвестициите за идниот развој на Република Македонија” се поставуваат основните стратегиски цели за привлекување странски инвестиции: преовладување на формата - директни странски инвестиции, технолошко и организациско модернизирање на претпријатијата преку странските инвестиции, освојување на нови пазари, намалување на невработеноста, активирање на неискористените фактори за економски развој, поголемо учество во приватизацијата на претпријатијата. За реализирање на стратегиските цели, преку почитување на основните принципи предвидени се потребните активности за координирање и поддршка на странските инвестиции: промотивните активности, членството во меѓународни асоцијации, поедноставување на административните процедури, посигурен престој во земјата, почитување на светските методологии и стандарди за подготовка и оценување на проектите, правно гарантирање на имотот, стабилните системски решенија за евентуалните олеснувања и стимулации и др. Во 1998 година е донесена Програма за привлекување на странски инвестиции во Република Македонија во која акцентот се става на стимулациите, односно ослободувањата и олеснувањата за странските инвестиции, со нивна можност за слободен трансфер на профитот, институционална рамка и др. Потоа во 1999 година донесена е и Програма на Република Македонија за потикнување на инвестициите со посебен осврт на привлекувањето на СДИ со следните примарни цели: поефикасно алоцирање на ресурсите и искористување на капацитетите, зголемување на продуктивноста, пофлексибилно прилагодување на пазарните текови и поголема мотивираност. Овие мерки, исто така не се постигнаа некои позначајни резултати во приливот на странски инвестиции. Програмите за поттикнување на инвестициите во наредниот период беа креирани се со цел да се подобри деловното окружување согласно меѓународните стандарди.

Согласно зацртаните мерки во наведената програма, за подобрување на деловното окружување во ноември 2006 година започна регулаторната реформа со која е воведена т.н. Регулаторна гилотина која треба да доведе до подобрување на квалитетот на регулативата, укинување на бирократските процедури и формалности, со што треба да се намали и можноста за бирократија и корупција. [18]

---

[18] Преземено од:
https://eccfp.edu.mk/files/PostgraduateUpload/nenovska_doktorska.pdf

Во процесот на привлекување на странските инвестици значајно место завзема и Програмата за работа за периодот од 2011-2015 година, со која се предвидува редовна евалуција на фискалните погодности кои им се нудат на странските инвеститори и подобрување на конкурентната положба во однос на земјите од регионот и пошироко, како и воведување на мерки за либерализација на постапките за издавање на работни дозволи на странци. Во декември 2011 година изработена е програмата за поттикнување на инвестициите во Република Македонија за периодот од 2011 до 2014 година, со основна цел развој на политиките и спроведување на реформи кои ќе доведат до подинамичен економски раст и развој на земјата, преку подобрување на општата деловна клима и зголемување на инвестициите. Со оглед на фактот дека условите кои ги поттикнуваат инвестициите имаат широк општествен, економски и институционален контекст, кој пред се е определен од државата, неопходно е да се изгради цврста институционална основа за политиката за домашните и странски инвестиции, како значаен предуслов пред вградувањето на одржлива инвестициона промоција. Ова пред се се однесува на институциите на државно ниво, на регионално и на локално ниво. Во рамките на стратешкиот план на Министерството за финансии за периодот од 2016 до 2018 година, како приоритетна цел државата продолжува да ја вклучува и нејзината промоција во странство како атрактивна дестинација за привлекување на странски инвестиции заедно со поставување на целта за спроведување на соодветна даночна и царинска политика во функција на поддршка на развојот на економските субјекти, со поттикнување на економскиот раст и привлекувањето на странските инвестиции. Приливите во Северна Македонија во тој период се зголемија тројно и достигнаа до рекордни 737 милиони долари, главно за инвестиции во автомобилската индустрија во своите технолошки индустриски развојни зони. Во еден од најзначајните договори, слободната економска зона, ТИРЗ Скопје 2, го привлече производителот на автомобилски делови од САД, Дура. Приливите кон Северна Македонија сигнализираа две работи: првично, поволната меѓународна побарувачка на странски фирми лоцирани во зоните (извозно ориентирани) и второ, позитивните политички случувања во врска со името на земјата. Ова ја олеснува соработката на Северна Македонија со ЕУ, главниот извозен пазар во земјата.

Инвестициите во капиталот пораснаа два и пол пати, а заемите внатре во компаниите станаа позитивни откако беа негативни во 2017 година. Покрај

традиционално силниот автомобилски кластер, нови инвестиции беа забележани и во други дејности.

Меѓу економиите во транзиција, Северна Македонија се рангираше во првите 5 економии во две категории и во Трговскиот раст (економии рангирани според просечната годишна стапка на раст на трговските стоки, интеграцијата на CAGR 2007-2017) и според ГВЦ (глобален вредносен синџир) – Економиите рангирани според странските додадена вредност, 2017. Промоцијата на посебните економски зони (СЕЗ) стана важна алатка на инвестициска политика на економиите во транзиција. [19]

Северна Македонија е членка на НАТО од март 2020 година, што претставува атмосфера на стабилност што може да ја зголеми привлечноста на една земја до странските инвеститори. Полска, Унгарија и Чешка беа сведоци на значителни зголемувања на странските инвестиции по пристапувањето во НАТО, корисна последица која Северна Македонија несомнено ќе се обиде да ја имитира. Северна Македонија, исто така, им нуди на инвеститорите пристап до голем, евтин базен на работна сила, со 69% од нејзиното население во работоспособна возраст од 15-64 години. Непосредно по самиот влез во НАТО, започнува ковид кризата и со тоа инвестициските активности запираат. Владата на Северна Македонија, исто така, најави амбициозни иницијативи за помош на економскиот раст во обид да ги задржи и поттикне инвестициите во земјата. Во октомври 2021 година, владата го усвои Планот за забрзување на растот за 2022-2026 година, кој, според Министерството за финансии, „ќе резултира со годишен раст на БДП од 5%, 12 милијарди евра нови инвестиции во јавниот и приватниот сектор, 156.000 нови работни места , фискална консолидација и стабилен јавен долг. Земјата има 14 слободни зони, што им овозможува на меѓународните компании да ги заобиколат царинските давачки и да ги искористат предностите на даночните поволности, додека во јули 2022 година беше најавена првата македонска зона со висока технологија. Новата слободна зона, Технолошко индустриска зона – Скопје III, ќе се простира на 18 хектари и претставува

[19] Преземено од: https://fez.gov.mk/%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%BB%D0%B8%D0%B2%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%B4%D0%B8%D1%80%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BD%D0%B8-%D0%B8%D0%BD%D0%B2%D0%B5%D1%81/

инвестиција од околу 146 милиони американски долари. Целта на дирекцијата за технолошко-индустриските развојни зони е да се генерираат инвестиции од повеќе од 850 милиони евра (821,69 милиони долари) во следните десет години и секако да се донесат или развијат компании кои ќе се фокусираат исклучиво на високи технологии.

Ова ќе генерира високо платени работни места за 4.500-5.500 млади луѓе кои се очекува да бидат ангажирани во овие капацитети, а ќе генерира приход за сите граѓани на Северна Македонија преку буџетски плаќања“.[20]

Во Република Македонија има развиена инфраструктура за дијалог помеѓу јавниот и приватниот сектор за темите поврзани со инвестиции, со цел подобрување на инвестиционата клима на различни нивоа на ефикасност, односно постои:

- Совет на странски инвеститори (основан во 2006 година, брои 127 члена и има за задача да помогне во привлекувањето на странските инвеститори, да ја промовира земјата и да помогне за создавање на поповолна законска и регулаторна клима, а е тесно поврзан со Стопанската комора на Република Македонија);

- Меѓународен совет на инвеститори (основан во 2002 година, брои 22 инвеститори, повеќето од Грција, а се стреми кон соработка со приватниот сектор, општините и меѓународните организации со цел промоција на приватниот сектор и унапредување на соработката помеѓу учесниците во процесот на подобрување на инвестиционата клима на земјата);

[20] Преземено од:

https://racin.mk/analizi/investment-monitor-severna-makedonija-e-zvezda-megu-zemjite-za-privlekuvane-stranski-direktni-investiczii/

- Национален совет за претприемништво и конкурентност (основан 2004 година со цел подобрување на дијалогот помеѓу приватниот, граѓанскиот и јавниот сектор. Владата на Република Македонија согледувајќи го значењето на овој Совет одлучи да го заживее и зајакне со цел да го искористи неговиот огромен потенцијал како инструмент за постигнување на успешен јавноприватен дијалог помеѓу странските и домашните инвеститори).

Институционалната рамка предвидена во Програма за поттикнување на инвестиции во Република Македонија за периодот од 2011 до 2014 година е следната:



Слика 3: Институционална рамка за инвестиции
Извор: https://eccfp.edu.mk/files/PostgraduateUpload/nenovska_doktorska.pdf

При тоа, Заменик претседателот на Владата на РМ е задолжен за економски прашања и координација со економските ресори во име на Владата на РМ, раководи со активностите кои опфаќаат политики, проекти и реформски активности на Владата поврзани со промоција на домашни и странски инвестиции, но и активностите од областа на даночните реформи, катастарски реформи, инвестиции во инфраструктурата, земјоделството и енергетскиот сектор.

Министерот без ресор за Странски директни инвестиции е на чело на активностите за привлекување на инвеститори и има за задача проактивно да остварува контакти со потенцијалните инвеститори. Тој заедно со вработените од неговиот кабинет ги идентификува потенцијалните инвеститори, остварува средби со нив и настојува да инвестираат во Република Македонија, а по пројавениот интерес за инвестирање ги проследува до АСИПИРМ на понатамошна подршка. Во 2007 година беа назначени два министри без ресор во функција на амбасадори за странски директни инвестиции.

Комитетот за инвестиции врши ревизија на процесот на инвестирање и се грижи за отстранувањето на било какви пречки за инвестирање во земјата. Членови на Комитетот за инвестиции се Премиерот, Заменик претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања и координација со економските сектори, Министерот без ресор за СДИ, Министерот за економија, Министерот за финансии, Министерот за транспорт и врски, Директорот на АСИПИРМ, Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски и развојни зони и Директорот на Државниот завод за геодетски работи.

Тим Македонија, пак се состои од Премиерот, Заменик претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања и координација со економските сектори и Директорот на АСИПИРМ и е маркетиншка иницијатива на високо ниво која се занимава со подготовка и реализација на низа планирани посети за маркетиншки цели, односно на меѓународни посети и ја претставува понудата на земјата на потенцијални инвеститори од одбрани компании.

Во рамките на Министерството за економија функционира Сектор за поттикнување на инвестиции и општествена одговорност за извршување на активностите поврзани со политиката за странски директни инвестиции, а особено за анализа на климата за инвестиции во одредени сектори од економијата и споредбена анализа на климата за инвестиции во земјата и странство, разгледување на законската рамка и предлагање на мерки за унапредување на климата за инвестирање, отстранување на административни пречки за инвестирање и спроведување на мерките од Акциониот план од програмата за поттикнување на инвестиции, спроведување на низа активности поврзани со ОЕЦД/Повелбата за инвестиции, промоција на концептот на општествена одговорност во земјата и идентификација и проценка на инвестициони проекти.

Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија, доби зајакната улога со измените за Законот за основање на Агенција за странски инвестиции на Република Македонија (Сл.весник на РМ 81/08) и со проширувањето на надлежноста и доделувањето на одговорноста за промоција на извозот со Законот за основање на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија (Сл.весник на РМ 57/10).Таа е една од најзначајните (но не е единствена) институции за потенцијалните инвеститори (пред се гринфилд инвеститори) заинтересирани за вложување во Технолошките индустриски и развојни зони. Агенцијата позната по името Invest North Macedonia, основана во 2005 година е официјална владина агенција за инвестиции и промоција на извозот одговорна за привлекување странски инвестиции и поддршка на извозот на Република Северна Македонија. Нејзината мисија е охрабрување и поддршка на новите странски директни инвестиции во земјата, се со цел воспоставување и зајакнување на деловната соработка со локалните добавувачи и промоција на извозниот потенцијал на локалните компании на странските пазари. Како институција која е посветена овој процес да го направи што е можно покорисен и без напор, агенцијата стои на располагање за водење во рамките на почетната фаза на истражување, организирање соодветен план за патување и соодветни средби за посета на Северна Македонија, кулминирајќи со објективна проценка на потенцијалниот успех на основа на проектот во Северна Македонија во споредба со соседните земји, врз база на моменталната деловна клима. Агенцијата се јавува во својство на посредник меѓу потенцијалните инвеститори и локалните власти со поддршка на неговите потреби за проширување или реинвестирање, помагање во процесот на добивање на потребните дозволи итн.[21]

Основни надлежности на Агенцијата:

- *Развивање на годишна основа, ажурирање и имплементирање на најдобрите практики на стратегии за промоција на инвестиции за привлекување странски директни инвестиции;*
- *Развивање на годишна основа, ажурирање и имплементирање на најдобрите практики на стратегии за промоција на извозот;*

[21] Преземено од:
https://investnorthmacedonia.gov.mk/mk/za-nas/

- *Развивање на неопходните вештини за ефективно развивање и имплементирање на стратегијата за промоција на инвестиции и извоз за исполнување и надминување на очекувањата на странскиот инвеститор со диференцирање на Република Северна Македонија од други конкурентни земји преку давање на високопрофесионални услуги на инвеститорите, во процесот на прединвестирање, инвестирање и реинвестирање и високо професионални услуги во врска со промоција на извозот;*
- *Вградување на стратегија за идентификување, во рамките на стратегијата за инвестициона и извозна промоција на оние сектори кои претставуваат најдобри перспективи за максимизирање на нето економска добивка за Северна Македонија;*
- *Обезбедување услуги на инвеститорите и извозниците;*
- *Дефинирање и поткрепување на клучните маркетинг пораки насочени кон подобрување на имиџот на РСМ како локација атрактивна за инвестирање и генерирање инвестициски можности;*
- *Професионално презентирање на секторски специфичните и оперативните добивки кои РСМ ги нуди на инвеститорите и извозниците, во електронски и печатени медиуми;*
- *Развивање и имплементација на иновативни и поактивни промотивни настапи на целните пазари;*
- *Воспоставување ефективно партнерство меѓу јавниот и приватниот сектор за екстензивна промоција на РСМ и развивање на база на податоци за целните компании и системи за следење за да се помогне идентификувањето и осигурувањето на инвестирањето;*
- *Развивање и имплементација на акционен план за целосно искористување на Интернет и информатичка технологија како средства за маркетинг и истражување;*
- *Промовирање на регионите на РСМ и искористување на секоја можност за поттикнување на странските инвеститори да користат производи и услуги од македонските претпријатија;*
- *Вршење анализа на условите за инвестирање и извоз и предлагање на измени на*

законската регулатива во насока на подобрување на климата за инвестирање и извезување;

- *Испитување и поттикнување развојни иницијативи како што се стимулирање на порастот на Greendfield инвестиции и технолошки индустриски развојни зони, заради зголемување на конкурентноста на РСМ како локација за инвестирање;*
- *Давање информативни услуги на извозниците од РСМ во врска со надворешната трговија, извозните процедури, царини, даноци и законска регулатива, како и асистенција во обезбедување на сите административни лиценци и дозволи;*
- *Обезбедување на информации за пристап до меѓународни пазари заради олеснување на извозниците во изнаоѓање странски деловни партнери;*
- *Вршење на активности за промоција на извозот во земјата и странство и поврзување на македонските извозници со странските купувачи;*
- *Давање информативни услуги на странски компании за извозните потенцијали на РСМ;*
- *Организирање, учество и поддршка на меѓународни саемски манифестации, семинари и деловни настани на македонските извозници;*
- *Вршење на маркетинг истражувања за пристап на странски пазари, како и истражувања фокусирани на одредени сектори и пазари на државни и региони;*
- *Подготвување, промовирање и презентирање на извозните потенцијали на Република Северна Македонија во странство;*
- *Логистичка поддршка на трговски мисии и делегации во земјата и странство;*
- *Обезбедување размена на информации меѓу амбасадите, дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија и деловни субјекти, за испитување на пазарот и законодавството;*
- *Презентирање на можностите на туристичките потенцијали на Република Северна Македонија во странство заради поттикнување инвестиции во туризмот и*
- *Врши и други работи во согласност со закон;*
- *Дирекцијата за слободни економски зони која беше основана со Законот за слободни економски зони, со донесување на Законот за технолошки индустриски*

развојни зони продолжи со работа како Дирекција за технолошки индустриски развојни зони со цел да создава, развива и да води грижа за активностите поврзани со индустриски развојни зони, вклучувајки и следење и регулирање на активностите на корисниците на зоните и издавње на одобренија за отпочнување, развој и завршување на корисничките активности.Технолошките индустриски и развојни зони овозможуваат поволни услови за развој на деловни активности преку понуда на уредени индустриски места и однапред изградени фабрики, со целосно подготвена правна и физичка инфраструктура за инвестирање, услуги и даночни, царински и други поволности.[22]

Согласно организациската структура, организациската поставеност на Агенцијата е прикажана на следната слика:

[22] Преземено од:
https://investnorthmacedonia.gov.mk/mk/programa/



Слика 4: Органограмот на Агенцијата за инвестиции и промоција на извозот одговорна за привлекување странски инвестиции и поддршка на извозот на Република Северна Македонија
Извор: https://investnorthmacedonia.gov.mk/mk/organogram-2/

Во зависност од потребата на инвеститорите и особено времето на инвестирање, Invest North Macedonia нуди две можности во однос на локацијата за производните места со можност за локации на Гринфилд и готова локација Браунфилд на различни локации и општини во земјава.

Локацијата на Гринфилд вклучува различни типови земјиште за индустриски услуги (производство). Во повеќето случаи, овие локации се лоцирани во Општинските зони низ целата земја или во технолошко-индустриските развојни зони. Од друга страна, Браунфилд е готов индустриски капацитет со намена за употреба во производството. Овие локации се нудат на продажба или долгорочен закуп од приватни компании или физички лица.

Земјиштето во слободните економски зони е достапно под долгорочен закуп за

период до 99 години за 0,10 евра / м2 годишно. Дополнително, постои бесплатна врска со мрежата на природен гас, вода и канализација. Покрај тоа, инвеститорите се ослободени од плаќање даноци за комунални услуги на локалната општина, како и од такси за одобренија за градење. Корисниците на слободните зони имаат право на 10-годишно ослободување од плаќање на корпоративен и персонален данок на доход. Инвеститорите исто така се ослободени од плаќање ДДВ (данок на додадена вредност) за увоз и трговија со стоки во слободните зони.Покрај тоа, инвеститорите се ослободени од плаќање на царински давачки за опрема, машини и резервни делови. Покрај тоа, Владата може да поддржи раст на капитални инвестиции и приходи со 10% враќање на инвестициските трошоци во нови машини, сите видови опрема или инвестиции во изградба на градежно или купување земјиште. Инвестирањето надвор од ТИРЗ се врши во рамките на комерцијални згради достапни за купување и изнајмување, побрзо и полесно е да се започне проект и во зависност од проектот финансиски пофлексибилен. Што се однесува на браунфилд инвестициите, поволноста во инвестирањето во ваквиот тип на инвестиции е достапноста на згради за кои е потребна минимална инвестиција, ја намалува инвестицијата до времето на производство, можноста за изнајмување на дел од зградите, погодни за помали инвестициски проекти. [23]

Сумирано, поволностите кои ги нудат технолошките индустриски и развојни зони се следните:

- Ослободување од данок: Инвеститорите во ТИРЗ имаат право на десетгодишно ослободување од плаќање данок на добивка (по истекот на тој период стапката изнесува 10%) и десетгодишно ослободување од плаќање персонален данок на доход (по истекот на тој период стапката е 10%). Инвеститорите се ослободени од ДДВ за промет на добра и услуги во ТИРЗ освен прометот наменет за крајна потрошувачка, како и увозот на добра во ТИРЗ, под услов добрата да не се пуштани во слободен промет односно не се наменети за крајна потрошувачка. Инвеститорите се ослободени и од царински давачки за производство наменето за извоз.


---

[23] Преземено од:
https://investnorthmacedonia.gov.mk/mk/%d1%82%d0%b8%d1%80%d0%b7/


https://investnorthmacedonia.gov.mk/mk/%d0%bd%d0%b0%d0%b4%d0%b2%d0%be%d1%80-%d0%be%d0%b4-%d1%82%d0%b8%d1%80%d0%b7/

- Земјиште: Инвеститорите во ТИРЗ можат да склучат договор за долгорочен закуп на земјиштето за период до 99 години.
- Инфраструктура: Инвеститорите со ослободени од плаќање на надомест за приклучок (комунални такси) за природен гас, вода и канализација.
- Трошоци и регистрација: ДТИРЗ дава подршка во процесот на вадење на дозволи за градење и регистрирање на објектите во јавните книги со што придонесува за забрзување на целокупниот процес од изградба на објектот до започнување на производство.
- Субвенции: Владата може да учествува во трошоците за изградба на градежен објект за корисник во зоната во висина до најмногу 500.000 евра согласно критериумите утврдени во член 8 од Законот за ТИРЗ.

Сликовито прикажано, бенефициите од работењето во рамките на ТИРЗ се:



Слика 5: Државна помош како бенефиција од работењето во ТИРЗ
Извор: https://fez.gov.mk/%d1%88%d1%82%d0%be-%d0%bd%d0%b5-%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%b8-%d0%bf%d0%be%d1%80%d0%b0%d0%b7%d0%bb%d0%b8%d1%87%d0%bd%d0%b8-%d0%be%d0%b4-%d0%b4%d1%80%d1%83%d0%b3%d0%b8%d1%82%d0%b5/



Слика 6: Сумарен преглед на бенефициите од работењето во ТИРЗ
Извор: https://fez.gov.mk/%d1%88%d1%82%d0%be-%d0%bd%d0%b5-%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%b8-%d0%bf%d0%be%d1%80%d0%b0%d0%b7%d0%bb%d0%b8%d1%87%d0%bd%d0%b8-%d0%be%d0%b4-%d0%b4%d1%80%d1%83%d0%b3%d0%b8%d1%82%d0%b5/



Слика 7: Инфраструктурни бенефиции од работењето во ТИРЗ
Извор: https://fez.gov.mk/%d1%88%d1%82%d0%be-%d0%bd%d0%b5-%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%b8-%d0%bf%d0%be%d1%80%d0%b0%d0%b7%d0%bb%d0%b8%d1%87%d0%bd%d0%b8-%d0%be%d0%b4-%d0%b4%d1%80%d1%83%d0%b3%d0%b8%d1%82%d0%b5/



Слика 8: Административна државна поддршка за потенцијалните инвеститори како бенефиција од работењето во ТИРЗ
Извор: https://fez.gov.mk/%d1%88%d1%82%d0%be-%d0%bd%d0%b5-%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%b8-%d0%bf%d0%be%d1%80%d0%b0%d0%b7%d0%bb%d0%b8%d1%87%d0%bd%d0%b8-%d0%be%d0%b4-%d0%b4%d1%80%d1%83%d0%b3%d0%b8%d1%82%d0%b5/

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во име на Владата на Република Северна Македонија, управува со Технолошко-индустриските развојни зони во Република Северна Македонија. Владата на Република Северна Македонија има основано четиринаесет Технолошко-индустриски развојни зони кои се наоѓаат во различна фаза на изградба. Во согласност со својот концепт и мисија, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони се стреми Република Северна Македонија да прерасне во меѓународен бизнис центар на Југоисточна Европа со понуда на инфраструктура од светска класа, поддржана со најквалитетни услуги и неспоредливи поволности во регионот и пошироко.100% странска сопственост, 0% даноци и царина, ослободување од комунални такси, индивидуализиран пристап, симболична цена за закуп на земјиште и директна државна помош во износ до 1.000.000 евра се само еден

сегмент од понудениот пакет поволности со кој се истакнуваме како најконкурентна инвестициска дестинација во регионот и пошироко. Должност на Дирекцијата за ТИРЗ е да воспостави сервисен центар во секоја Технолошко-индустриска развојна зона, преку кој административните одделенија на Дирекцијата за ТИРЗ и испоставите на Царинската управа на Република Северна Македонија пружаат административни консултации и услуги и ефикасно царинење за инвеститорите во Зоните.



Слика 9: Мапа на технолошко – индустриски развојни зони во рамките на Република Северна Македонија
Извор: https://fez.gov.mk/#slidezonimk

На крајот, секако особено важна институција која игра важна одлука за привлекување на странски и домашни инвеститори е локалната самоуправа. Општините во Република Македонија со процесот на децентрализација се стекнаа со нови одговорности поврзани со локалниот економски развој, па заради тоа во многу општини се основани канцеларии за локален економски развој кои треба да помогнат при одредувањето на потенцијални локации за инвестиции и да го олеснат процесот на купување на земјиште и добивање на градежни дозволи. Исто така, во општините почнаа да се градат развојни и индустриски зони за вложување на домашни и странски инвеститори.

2.7 ЕФЕКТИТЕ ОД СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

За зголемување на ефикасноста при процесот на искористување на ресурсите на глобално ниво се користат различни инструменти, меѓу кои и странските директни инвестиции. Со нивното распространување се врши распределба на производството на производи и услуги на оние локации каде што можат да бидат најефикасно произведени и со тоа директно се врши алокација на ретките и ограничени ресурси. Меѓународните бизниси се носители на голем број предности и недостатоци. Оттука, земјите извозници на СДИ и земјите увознички треба да водат политика креирана за максимизирање на добивките и минимизирање на трошоците. Во својство на земји извознички се првенствено развиените земји и тие се најважен и најголем извор на странските директни инвестиции. Генерално, меѓународните бизниси потекнуваат од развиените земји. Тие извршуваат различни бизнис активности и со тоа директно влијаат врз економијата и стопанството на сопствената земја, како и меѓународните трансакции на тие компании се одразуваат на платниот биланс на матичната земја. Заради тоа, земјите инвеститори користат одредени програми со чија помош го следат одливот на капитал и спроведуваат контрола на излезните странски директни инвестиции. Може да се случи истите да предизвикаат негативно влијание кое може да се намали од страна на државните власти преку креирање на неповолна даночна политика и двојно оданочување на добивката со што се зголемуваат трошоците на извезениот капитал. Земјите инвеститори бенифираат од одливот на СДИ во земјите во развој со различни владини програми и гаранции заради користа која ја добиваат во вид на зголемен извоз од иста индустриска гранка од којашто потекнува и СДИ. Тие предизвикуваат зголемен извоз на компоненти од матичната земја што се употребуваат за производство, а со тоа и зголемен извоз на финални производи. Земјата извозник применува политика за СДИ во зависност од тоа какви ефекти предизвикува одливот на СДИ во рамките на домашната економија. Една од најголемите бенефиции од СДИ е нивното влијание врз капиталниот дел на платниот биланс на земјата извозник, во форма на прилив од странската заработка што доаѓа во вид на профит, камати и други приходи од инвестираниот капитал. Од друга страна, се очекува да се генерира побарувачка од матичната компанија за производи во опрема, технологија, суровини, капитал и сл. Таквите побарувања генерираат прилив на домашната сметка и

позитивен одраз на платниот биланс во земјата извозник. [24]

Зголемениот извоз поттикнат од потребите и работењето на филијалите предизвикува проширување на пазарот за пласман од овие производи и зголемување на конкурентноста на домашните фирми. Покрај ова, постои и снабдување од странските филијали со што се обезбедува континуитет на домашниот пазар со дефицитарни суровини и готови производи по поволни цени. Сето ова практично би било возможно доколку се воспоставени цврсти и здрави релации меѓу земјите кои ја вршат размената на производите. Истовремено како бенефит од СДИ се смета тоа што компанијата стекнува високоценети знаења, вештини, умеења и супериорни техники на управување, благодарение на присутноста на странскиот пазар. Ова богатство компаниите го пренесуваат назад во својата земја со што придонесуваат за зголемен економски раст.

Негативните ефекти од СДИ се тоа што земјата извозник може да ја зголеми невработеноста во својата земја, заради самиот факт што со алокацијата на производството од матичната земја се врши селење на работните места во земјите каде што личните примања се пониски, тоа ја зголемува невработеноста во домашни услови и вооедно влијае врз намалување на животниот стандард. Но, овој ефект може да биде исклучителен во ситуација кога во рамките на земјата извозник има мала невработеност, тогаш не може да се каже дека СДИ негативно влијаеле врз вработеноста на својата земја. Но, доколку земјата има проблем со невработеноста, во тој случај СДИ негативно влијаат врз вработеноста во националната економија. СДИ во рамките на развиените земји ја зголемуваат потребата од висококвалификуван труд. Дури и ако компанијата се откаже од СДИ заради спречување невработеност, може да се случи таа сепак да ги изгуби работните места. Тоа би се јавило како резултат на тоа што странската конкуренција која ги искористила можностите преку странско инвестирање, ги намалила трошоците на производство и постигнала конкурентни цени со што ја прави компанијата неконкурентна заради неможноста да ги следи современите трендови. Друг негативен ефект може да биде одливот на капитал и негативниот одраз врз платниот баланс на матичната земја. СДИ не секогаш подразбираат извоз на капитал, со тоа што компанијата не користи сопствени средства за инвестиции туку се одлучува на позајмување финансиски капитал од земјата домаќин или некоја друга земја. Во тој случај се создава

[24] Преземено од:
https://eprints.ugd.edu.mk/11101/1/Magisterski%20trud.pdf

негативен ефект единствено во иницијалниот период на вложување. Со активирање на релоцираното производство се очекува подобрување на платниот биланс како резултат на приливот на профит од странство, но исто се очекува и подобрување на вработеноста, бидејќи странските филијали би ја зголемиле потребата за извоз.

Од аспект на земјата извозник, одливот на СДИ е одлив на современа технологија, а со тоа се намалува ефектот на технолошка супериорност на земјата, но тие земји компензираат на начин што ги спроведуваат своите истражувачки дејности во рамките на својата матична земја како не би го загрозиле нивното технолошко водство. Покрај позитивните и негативните ефекти, во праксата се покажало дека во последните две декади многу компании се одлучиле на чекор за СДИ и го проширале своето работење во странство отколку работењето во рамките на сопствената земја.

Многу од земјите извознички на СДИ се истовремено и земји увознички. Оваа улога по правило им припаѓа на развиените земји, додека земјите во развој и неразвиените земји се во нагласена улога на земји увознички и во занемарлива позиција се земји извознички на СДИ. Примарните ефекти од СДИ се зголемената вработеност, конкурентност, поголемата искористеност на ресурсите. Во одредени случаи, СДИ бараат изградба на нова и посовремена инфраструктура или активација на нови суровински наоѓалишта кои во нормални услови на функционирање би биле во заден план. Но, исто така може да влијаат негативно, но сепак контролниот механизам е во рацете на државните власти. Владите може да користат разни начини на контрола или ограничувања, но најзастапени се забраната за вложување странски капитал во определени дејности, ограниченото учество на странскиот капитал во стратешко важните сектори за определена земја, наметнувањето услови на работа и сл. Негативностите имаат посилни влијанија врз стопанствата на земјите во развој. Токму поради тоа, овие земји се поисправени пред предизвикот за преземање низа мерки на ограничувања што ќе се наметнат врз работењето на странските компании.

Користа за двете страни за земјата увозник и извозник зависи од договорените услови. Крајната цел од преговарачкиот процес е извлекување на максимална корист за двете страни, не исклучувајќи го компромисот. Најзначаен позитивен ефект од странската инвестиција врз земјата увозник е приливот на капитал. Тој е посебно важен за земји коишто страдаат од недостаток на капитал за инвестиции. Овој капитал кој доаѓа од странство претставува дополнителна акумулација и овозможува подобро искористување на постојаните домашни капацитети. Еднократен трансфер на капитал, а

со тоа и позитивен ефект врз платниот биланс на земјата увозник на СДИ има кога се основа филијалата. Меѓутоа, компанијата може да позајми капитал од пазарот на земјата увозник што ја наметнува ситуацијата домашните фирми да бидат купени од домашни пари. Дури и да се случи трансфер на капитал на почетокот од работата на компанијата, после извесно време може да дојде до обратен тек, бидејќи странската команија поседува добивка и профит што ги испраќа назад кон својата матична земја.

СДИ за земјата увозник подразбираат влез на нови технологии, подобрување на својата технолошка основа и позитивен одраз на економскиот раст, но исто така може да предизвика и загуби за оваа земја. Негативниот ефект може да се јави како резултат на применувањето на сложените и високоразвиените технологии во земјата во која што се инвестира. Технологијата може да биде опредметена во вид на капитални богатства како машини, опрема или неопредметена во форма на индустриска сопственост (know-how) како менаџмент, организациска структура и сл. Компаниите не се расположени за трансфер на ваква технологија, избегнувајќи ја можноста за репродукција од страна на конкуренцијата. Ако постојат некои посебни технологии внатре во филијалите, тоа не значи дака корисностите од нив ќе бидат широко манифестирани во стопанството на земјата увозник. Колку е поголема временската разлика помеѓу имитаторите на технологии и компанијата иноватор, толку е поголема можноста таа да дејствува како монополист. Од тие причини компаниите вршат трансфер на технологија само во своите филијали. Тенденција е компаниите најголем дел од нивните технолошки активности поврзани со истражување и развој да ги лоцираат во своите земји на потекло или во други индустриски развиени земји. Компанијата исто така може да воведе технологија што користи релативно повеќе ресурси коишто може да не се на располагање, па со тоа да се создаде негативен ефект, односно зголемување на увозот. Една од позначајните корисности е пренесеното знаење и вештини од страна на странскиот менаџмент. Пренесеното знаење понатаму може да се пренесе во некоја друга домашна фирма или да отвори своја нова. Но, позитивните влијанија може да бидат прилично намалени доколку повеќето менаџерски и висококвалификувани работни места се резервирани за државјани на земјата извозник. Односите помеѓу земјата домаќин и странската компанија понекогаш може да бидат затегнати. Рударството е, на пример, индустриска гранка којашто бара многу големи финансиски вложувања пред комерцијалната употреба. Компаниите коишто експлоатираат и извезуваат природни ресурси секогаш се во опасност да станат мета на национализмот. Затоа ваквите компании мора да имаат определена конкурентска предност и да контролираат софистицирана технологијата и

управување или брендиран производ над домашните фирми. Зголемувањето на вработеноста е најпотенциран ефект што се очекува од СДИ, посебно во земјите во развој. Директни ефекти се јавуваат кога компанијата вработува дел од работоспособното невработено население од земјата домаќин. На оваа директна вработеност треба да се додаде и индиректната вработеност, односно новоотворените работни места во постоечките домашни фирми иницирани од соработката на филијалата со сектори од домашниот бизнис.

Индиректните ефекти на вработувањето од страна на СДИ се предизвикани доколку се користат ресурси со локална содржина. Нови работни места се отвораат кај локалните дистрибутери, снабдувачи, со тоа се зголемува и потрошувачката, а со тоа се зголемуваат и новите работни места во трговијата. За да го зголемат своето присуство на локалниот пазар, странските компании најчесто се јавуваат како спонзори на културни, општествени, спортски и други настани. Постоењето на големи и моќни фабрики на странски компании можат да ги

истиснат од пазарот постоечките домашни фирми и да го спречат процесот на формирање нови фирми, што не значи дека истите имаат тенденција за монопол на пазарот.

либерализацијата на пазарот и фискалната транспарентност. Во првиот квартал од 2023 година растот на реалниот БДП се забрза на 2,1 процент на годишно ниво во однос на 0,6 проценти во претходниот квартал, поддржан од позитивниот придонес на нето-извозот кој повеќе го компензира падот на домашната побарувачка. Во меѓувреме, понатамошниот напредок во напредокот на пристапот во ЕУ ќе го подобри деловното опкружување и ќе привлече нови инвестиции од странство. Странските директни инвестиции (СДИ) во Западен Балкан беа клучен двигател на растот и трансферот на технологија во последните две децении, поткрепувајќи ја интеграцијата во глобалните синџири на вредност. Вкупната состојба на СДИ на крајот на 2022 година изнесуваше 87 милијарди евра, од кои 60 проценти потекнуваат од земјите на ЕУ. Понатамошните инвестиции во зелените технологии и дигитализацијата ќе отклучат дополнителни двигатели на растот и ќе ја олеснат економската конвергенција со земјите од ЕУ. Преку својата филијала EIB Global и претставништвото во Скопје, ЕИБ дава значителна поддршка за зелената транзиција, енергетската безбедност и растот на приватниот сектор во Северна Македонија. Исто така, обезбедува техничка помош за да придонесе за подобрување на капацитетите за управување со локални проекти и забрзување на имплементацијата на проектот. Од 1991 година, ЕИБ инвестираше околу 1,1 милијарди евра во земјата, главно во поддршка на проекти за животна средина, транспорт, енергија и мали и средни претпријатија. Оваа година, ЕИБ Глобал потпиша инвестициски грант од 70 милиони евра за Пречистителна станица во Скопје – најголемиот грант за проект на ЕУ досега мобилизиран во земјата. Во комбинација со спроведувањето на програмата за општинска инфраструктура за вода, проектот ќе помогне да се обезбеди подобрено снабдување со вода, отпадни води и инфраструктура за заштита од поплави на 80 општини и околу 700 000 луѓе. Искористувајќи го своето долгогодишно партнерство со Банката за развој на Северна Македонија и другите локални комерцијални банки, ЕИБ, исто така, потпиша заем од 100 милиони евра, како надополнување со грант за техничка помош од милион евра, за поддршка на енергетската ефикасност и декарбонизација на македонските бизниси преку зголемен пристап до зелени финансии.[28]

2.8 ПОЛИТИКИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА СТРАНСКИТЕ ДИРЕКТНИ

[28] Преземено од: https://nezavisen.mk/pavlova-go-pofali-napredokot-vo-strukturnite-reformi-koi-go-potkrepuvaat-ekonomskoto-zakrepnuvanje-na-severna-makedonija/

ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСТАНАТИТЕ ЗЕМЈИ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН

Земјите во регионот на Западен Балкан во моментот се наоѓаат во различни фази од процесот на европската интеграција и сите имаат потпишано Спогодба за стабилизација и асоцијација (ССА) со Европската Унија, во различни периоди. Со потпишувањето на Спогодбите за стабилизација и асоцијација (ССА), кои во себе содржат и одредби кои се однесуваат на државната помош вклучително и заштита на конкуренцијата, земјите се обврзуваат и за нивно исполнување во даден рок. Имено, Албанија ја потпиша ССА во 2006 година (добива статус на кандидат за ЕУ од 2014 година), Босна и Херцеговина ја потпиша ССА во 2008 година (апликација за влез во ЕУ во 2016 година), РС Македонија ја потпиша ССА во 2001 година (доби статус на кандидат за ЕУ во 2005 година и се уште во очекување на датум за почеток на преговори, Косово ја потпиша ССА во 2014 година (ЕУ го олеснува дијалогот на високо ниво меѓу Косово и Србија од 2012 година), Црна Гора ја потпиша ССА во 2007 година (доби статус на кандидат за ЕУ во 2010 година), и веќе длабоко е навлезена во преговорите, Србија ја потпиша ССА во 2008 година и доби кандидатски статус за ЕУ во 2012 година, исто така во поодминатата фаза на преговори. ССА е важен предуслов за пристапување во Европската Унија со кој се бара воведување на национален систем на контрола на државната помош. Обврската за воведување системи за мониторинг на државната помош произлегува од ССА но и од Договорот за слободна трговија на Централна Европа (ЦЕФТА) како и Договорот за енергетска заедница. Националните системи за контрола на државната помош (надлежни тела за контрола кои имаат различни форми и институционална поставеност) се предвидени како преодни механизми, бидејќи следењето на државната помош откако земјите ќе пристапат во унијата ќе го врши супранационално тело а тоа е Европската Комисија. ССА се дел од процесот на интегрирање на земјите кандидати во Европската Унија, преку кој тие се обврзуваат да го усогласат своето национално законодавство со законодавството на ЕУ (EU acquis). Додека никој од кандидатите на ЗБ сè уште не отворил преговори за Поглавје 8 од законодавството, со кое се уредува политиката на конкуренција и државната помош, како потписнички на ССА, сите тие земји со ССА се обврзале да ја усогласат својата државна помош со Договорот за функционирање на Европската унија во рамка од пет години од соодветните договори. Државната помош доделена на претпријатија во посебните

економски зони во економиите од Западен Балкан генерално спаѓа во категоријата на регионална помош и подлежи на квантитативни ограничувања слични на оние во економиите на ЕУ преку транспонирањето на делумно или целосно на регулативата на ЕУ во националното законодавство. Во пракса, ова значи дека земјите од Западен Балкан во моментот се ограничени на висината на државната помош што можат да ја доделат, но не и на видот на помошта што претпријатијата можат да ја добијат. Тие можат да обезбедат поширок спектар на даночни и неданочни стимулации за инвеститорите за разлика од земјите во ЕУ. [29]

Земја	Закон	Надлежна институција за контрола на државна помош	Агенција за поддршка на инвестиции
Албанија	Закон за државна помош	Комисија за државна помош	Албанската агенција за развој на инвестициите (АИДА)
Босна и Херцеговина	Закон за системот на државната помош	Совет за државна помош	Агенцијата за унапредување на странските инвестиции во Босна и Херцеговина (ФИПА)
Косово	Закон за државна помош	Комисија за државна помош	Агенција за поддршка на инвестициите и претпријатијата на Косово (КИЕСА)
Северна Македонија	Закон за контрола на државната помош	Комисија за заштита на конкуренцијата	Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија (АПСИПИРСМ -Investinnorthmacedonia)
Србија	Закон за контрола на државната помош	Комисијата за контрола на државната помош	Развојна агенција на Србија (РАС)
Црна Гора	Закон за контрола на државната помош	Агенција за заштита на конкуренцијата	Агенција за инвестиции на Црна Гора (МИА)

Слика 53: Надлежни институции за контрола на државната помош во земјите на Западен Балкан
Извор: https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2020/06/1.-STUDIJA-Strans-Invest-Finalna-verzija_compressed-pdf.pdf

Албанија

Во насока на усогласување на законодавството од областа на државната помош со законодавството на ЕУ, Албанија во 2005 година донесе Закон за државна помош, во 2016 година донесе Измени и дополнување на Законот, а има донесено и соодветни подзаконски акти. Законот за државна помош ги покрива сите сектори, освен земјоделството и мрестилиштата. Надлежно тело за спроведување и контрола на државната помош е Комисијата за државна помош (КДП) - Komisioni i Ndihmës Shtetërore.

[29] Преземено од: https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2020/06/1.-STUDIJA-Strans-Invest-Finalna-verzija_compressed-pdf.pdf

Во согласност со член 16 од Законот за државна помош, КДП е оперативно независно тело. Комисијата е составена од пет членови, а претседавач е Министерот за финансии и економија. Другите членови ги назначува Советот на министри (Владата). Според член 17 од Законот, Комисијата е одговорна за подготовка на годишен извештај за државна помош и негово поднесување до Советот на министри. Според Извештајот на ЕК за напредокот на земјата во 2019 година, законодавството поврзано со државната помош е во линија со acquis и со ССА и во голема мерка е усогласен со членовите 107 и 108 од Спогодбата за функционирање на ЕУ. Законот ги пропишува условите и процедурите за одобрување на државната помош и има за цел да ја усогласи земјата со Регулативата на ЕУ за општото ослободување од одредбите за државна помош (General Block Exemption Regulation) 2014 година. Исклучително важно е правилата за државна помош да се рефлектираат и во стратегиите за управување со јавните финансии и да се зголеми советничката улога на КДП пред донесување на каква било одредба за државна помош на централно и локално ниво.

Имплементацијата на правилата за државна помош мора да биде надгледувана и при реализација на големите проекти помеѓу Албанија и други земји. Исто така, се препорачува давателите на државна помош, согласно Законот да ја известат КДП за мерките на државна помош пред тие да настапат, за да може да се изврши корективната функција ex-ante. Се смета дека поради тоа што КДП директно ѝ одговара на Владата, не постојат доволно инструменти за парламентарен надзор над државната помош туку таа се реализира посредно преку парламентарниот надзор на работата на Владата.

Со Законот за странски инвестиции во Албанија се обезбедува еднаков третман за домашните и странските инвеститори при користењето на државната помош. Албанската агенција за развој на инвестициите (АИДА) - Agjencia Shqiptare e Zhvillimit të Investimeve, која е задолжена за поддршка на инвестициите во Албанија ги наведува конкретните мерки за стимулација на инвестициите: Данок на добивка од 8% доколку добивката се распредели како дивиденда и 0% доколку прометот на компанијата е понизок од 8 милиони леки (65.000 евра); Општата стапка на данок на добивка изнесува 15%; Персонален данок на доход од 0% за бруто плата од 26.000 леки (210 евра) која со закон е определена како минимална плата; 13% за бруто плата помеѓу 26.000 леки и 150.000 леки (210 евра и 1.210 евра) и 23% за бруто плата над 150.000 леки (1.210 евра); Данок на додадена вредност од 0% за набавка на репроматеријали за извозно производство и за стоки од посебна листа определени од Советот на министри и повластени стапки од 6% и

10% за одредени производи (општата стапка на ДДВ изнесува 20%); Користење на средствата од Фондовите на АИДА за конкурентност, за креативност, за иновации и за почетни бизниси; Стимулација за капитални инвестиции преку дозволување на одложено даночно плаќање до 12 месеци (или повеќе, доколку инвестицијата трае подолго и под точно одредени правила утврдени од Министерството за финансии и економија); Заштита на странските инвестиции од директни или индиректни мерки за експропријација или национализација, освен во посебни случаи дефинирани со закон и од јавен интерес; Право на странските инвеститори за репатријација на доходот и средствата; Правосудна заштита на странските инвеститори во однос на законските права поврзани со нивните инвестиции; Позитивна дискриминација на странските инвеститори - со одлука на Советот на министри, Владата обезбедува финансиска поддршка на странскиот инвеститор во граѓанска постапка со трети лица; На странските инвестициски претпријатија им е дозволено да поседуваат земјиште; Ослободување од царински давачки - за иселеници кои непрекинато живееле во друга земја во период не помал од 12 месеци, а кои се враќаат во Албанија.

Босна и Херцеговина

Во насока на усогласување на законодавството од областа на државната помош со законодавството на ЕУ, Босна и Херцеговина (БиХ) во 2012 година донесе Закон за системот на државна помош, а делумно ги има донесено и соодветните подзаконски акти. Законот за системот на државна помош ги покрива сите сектори, освен земјоделството, рибарството и воената индустрија. Согласно член 4 од Законот за системот на државна помош, надлежен орган за одобрување, следење и контрола на државната помош е Советот за државна помош (СДП) - Vijeće. Во член 7 од истиот Закон е наведено дека СДП е јавна институција која самостојно ја извршува својата дејност и е должна да обезбеди доследна примена на Законот за системот на државна помош на целата територија на БиХ. Советот е составен од осум претставници именувани од Советот на министри на БиХ (3), Владата на Република Српска (2), Владата на Федерација БиХ (2) и Владата на Округ Брчко (1), со мандат од четири години. Претседавањето со Советот е на ротациска основа со мандат на претседавачот од една година. Советот има Секретаријат кој е задолжен за организациски, технички и административни работи. Според член 19 од Законот, СДП за своето работење одговара пред Советот на министри на БиХ (Владата) и

има обврска за изработка на годишен извештај за државна помош и негово поднесување до Советот на министри. Надлежни тела за дизајнирање и спроведување на мерките за државна помош се Советот на министри на БиХ (за целата територија на БиХ) и владите на трите ентитети: Федерација БиХ, Република Српска и Округот Брчко. Според Извештајот на ЕК за напредокот на земјата во 2019 година, законодавството поврзано со државната помош е делумно во линија со acquis и со ССА. Имено, соодветните подзаконски акти кои ја уредуваат политиката на државна помош не се донесени подеднакво во целата држава. Функционирањето на СДП е прилично оптоварено со процедури за донесување на одлуки по етничка линија, односно најмалку еден претставник од секоја етничка заедница треба да поддржи одредена одлука за таа да стапи на сила (Бадентерово правило). Како резултат на тоа, секој подзаконски акт за државна помош дури и ако е во целосна согласност со acquis може да не биде усвоен, ниту спроведен во пракса. Според Законот за системот на државна помош, давателот на државна помош мора да го информира СДП за мерките на државна помош пред воопшто да отпочне со нивна реализација. Во последните неколку години, СПД има донесено многу малку одлуки и сите биле или позитивни или одлуки со кои не е утврдено постоење на елементи на државна помош. Ова предизвикува дополнителна сериозна загриженост за капацитетот на СДП за извршување на своите одлуки.

Голем дел од мерките за државна помош се воведени од страна на надлежните органи без тие БиХ мора да обезбеди транспарентност на сите мерки на државна помош кои се во фаза на спроведување. Поради специфичното државно уредување, политиките за државна помош во делот на привлекување на странските директни инвестиции се различни на централно и ентитетско ниво. Она што е идентично е дека и Законот за политиките за странски директни инвестиции на БиХ и Законот за странски инвестиции на Федерацијата Бих и Законот за странски инвестиции во Република Српска ги изедначуваат странските со домашните правни лица во можноста за користење на државната помош. Агенцијата за унапредување на странските инвестиции во Босна и Херцеговина (ФИПА) - Agencija za unapređenje stranih investicija u Bosni i Hercegovini која е централна државна агенција за привлекување на инвестициите ги наведува конкретните политики за државна помош со цел стимулирање на инвестициите. Генерални политики кои важат за целата територија на БиХ се: Национален третман на странските инвеститори; Отворање на сметка во домашна деловна банка во која било конвертибилна

валута; Слободно вработување на странски државјани, доколку со закон не е одредено поинаку; Заштита од национализација, експорпријација и реквизиција, освен во случај на јавен интерес и со фер пазарен надомест; Национален третман за сопственост врз недвижности; Слободна репатријација на добивката од работењето; Изземеност од царински и даночни обврски за набавка на опрема, освен за патнички возила и автомати за забава и игри на среќа; Користење на поволности од слободните зони (ослободување од плаќање на ДДВ за увезени производи, користење на јавни добра со повластен надомест и сл.).

Србија

Во насока на усогласување на законодавството од областа на државната помош со законодавството на ЕУ, Србија во октомври 2019 година го донесе новиот Закон за контрола на државната помош, со што Законот за контрола на државната помош од 2009 година е ставен вон сила. Воедно, државата ги има донесено и соодветните подзаконски акти. Законот за државна помош ги покрива сите сектори, освен земјоделството и рибарството. Според член 9 од Законот за контрола на државната помош, надлежен орган за оцена, надзор, контрола и одлучување по основ на мерките и обемот на државната помош е Комисијата за контрола на државната помош (ККДП) - Комисија за контролу државне помоћи. ККДП е самостојна и независна организација која врши јавни овластувања во согласност со Законот. Органи на ККДП се Советсоставен од четири членови и еден Претседател. Органите се избираат од страна на Народното собрание на Република Србија (Парламентот) со мандат од петгодини и право на најмногу два реизбора.

Комисијата има Стручна служба која е одговорна за вршење на стручните работи од надлежност на Комисијата. ККДП одговара пред Парламентот на државата со обврска да поднесува годишен извештај за своето работење. Според Извештајот на ЕК за напредокот на земјата во 2019 година, законодавството поврзано со државната помош скоро во целост е усогласено со членовите 107 и 108 од Спогодбата за функционирање на ЕУ и одредбите од ССА. За да биде во линија со член 73(5) од ССА, ККДП мора соодветно да ја информира ЕК за одлуките поврзани со одобрување на големи износи на државна помош за големите економски оператори. Потребно е значајно зајакнување на контролата на усогласеноста на мерките за кумулација на државната помош и одредбите од меѓудржавните договори склучени со земји кои не се членки на ЕУ. Овие договори не

смеат на трети земји им гарантираат исклучоци од националното право на Србија. Се очекува дека донесувањето на новиот Закон за контрола на државната помош и отпочнувањето со работа на новата ККДП ќе отстрани голем дел од нотираните забелешки во извештајот. Новата ККДП сега директно ќе му одговара на Парламентот што претставува корисна алатка за парламентарен надзор над политиките на државна помош.

Уставот и законите во Србија обезбедуваат еднаков третман на домашните и странските инвеститори во користењето на државната помош. Институции кои се директно одговорни за привлекување на инвестиции се: Развојната агенција на Србија (РАС) - Развојна агенција Србије и Управата за слободни зони - административно тело во рамки на Министерството за финансии и стопанство кое врши државни административни работи во делот на слободните зони. Главни политики и мерки на државната помош за привлекување на инвестиции во Србија се: Финансиска поддршка за постоечки работни места (помеѓу 20% и 40% од оправданите трошоци за бруто-плата во период од 2 години, во зависност од секторот, обемот на инвестицијата и нивото на развој на регионот во кој се инвестира); Финансиска поддршка за новоотворени работни места (помеѓу 3.000 и 7.000 евра за секое новоотворено работно место, во зависност од производствениот сектор, обемот на инвестицијата, нивото на развој на регионот во кој се инвестира и бројот на новоотворени работни места); Финансиска поддршка за набавка на материјални и нематеријални средства кои ќе бидат реализирани во период на траење на инвестицискиот проект (минимален износ на инвестицијата мора да биде помеѓу 100.000 евра и 20.000.000 евра, а поддршката е помеѓу 5% и 30% од оправданите трошоци за вложување во зависност од значењето на инвестицијата за развојот, производствениот сектор, нивото на развој на регионот во кој се инвестира и планираниот број на новоотворени работни места); Финансиска поддршка за гринфилд и браунфилд инвестиции кои можат да бидат предмет во меѓународната трговија; Субвенции за пренос на градежно земјиште (продажба на државно земјиште по цена пониска од пазарната во случај на инвестиција од национално значење или општинско земјиште во случај на инвестиција која го унапредува локалниот економски развој); Ослободување од данок на добивка во период од 10 години (за инвеститори кои вработуваат повеќе од 100 работници и инвестираат повеќе од 1 милијарда динари, т.е. 8,5 милиони евра); Ослободување од данок на добивка во период од 5 години (за инвестиции во неразвиените региони под посебни услови дефинирани со закон); Загубите на

компаниите можат да се пренесуваат до 5 години; Користење на поволностите на слободните економски зони (ослободување од плаќање на ДДВ, царини, одредени даноци и придонеси; слободен тек на капиталот; едноставна и ефикасна one stop shop администрација; ослободување од плаќање на одредени локални надоместоци и такси; користење на услуги на транспорт, шпедиција, осигурување и други придружни услуги по повластени цени).

Црна Гора

Во насока на усогласување на законодавството од областа на државната помош со законодавството на ЕУ, Црна Гора во 2018 година го донесе новиот Закон за контрола на државната помош, со што Законот за контрола на државната помош од 2011 година е ставен вон сила. Воедно, државата ги има донесено и соодветните подзаконски акти. Законот за државна помош ги покрива сите сектори, освен земјоделството и рибарството. Според член 5 од Законот за контрола на државната помош, надлежен орган за контрола на соодветноста, наменското користење и поврат на незаконски доделената и несоодветна државна помош е Агенцијата за заштита на конкуренцијата (АЗК) - Agencija za zaštitu konkurencije. Согласно член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата, АЗК е независен орган со својство на правно лице. Органи на АЗК се Совет составен од три членови (Претседател на Советот и два члена) и Директор. Директорот има еден заменик и два помошника од кои едниот е задолжен за државната помош. Органите се избираат од страна на Владата на Црна Гора со мандат од четири години и право на реизбор. Агенцијата има Сектор за државна помош кој е задолжен за стручните, административните и техничките работи поврзани со државната помош. АЗК за своето работење одговара пред Владата со обврска да поднесува годишен извештај до Владата, но и до Собранието на Црна Гора. Според Извештајот на ЕК за напредокот на земјата во 2019 година, законодавството поврзано со државната помош во голем дел е усогласено со acquis, членовите 107 и 108 од Спогодбата за функционирање на ЕУ и одредбите од ССА.

Се поздравува донесувањето на новиот Закон за контрола на државната помош и Измените и дополнувањата на Законот за заштита на конкуренцијата со кои се зајакнува независноста на АЗК во делот на контролата на државната помош. АЗК отпочна со работа во јули 2018 година откако беше расформирана Комисијата за контрола на државната помош (ККДП) која функционираше според стариот закон. Се препорачува, во

иднина АЗК да ја зајакне контролата врз спроведувањето на правилата за државна помош кај големите проекти што Црна Гора ги реализира со трети земји. Таа мора да има пристап до сите потребни информации со цел да даде соодветни мислења и да донесе обврзувачки одлуки. Според законот, одлуките на АЗК можат понатаму да се обжалат пред Управниот суд.

Исто така, потребно е дополнително зајакнување на свесноста за правилата за државна помош како кај давателите, така и кај примателите на истата. АЗК директно одговара на Владата, но доставува годишен извештај и до Парламентот што претставува корисна алатка за парламентарен надзор над политиките на државна помош. Законите во Црна Гора обезбедуваат еднаков третман на домашните и странските инвеститори во користењето на државната помош. Институции кои се директно одговорни за привлекување на инвестиции во Црна Гора се: Секретаријатот за развојни проекти - орган во состав на Владата и Агенцијата за инвестиции на Црна Гора (МИА) - Agencija za investicije Crne Gore. Согласно член 102 од Законот за јавно-приватно партнерство, започнувајќи од февруари 2020 година, МИА ги презеде работите, средствата, обврските, документацијата и вработените од Агенцијата на Црна Гора за промоција на странските инвестиции (МИПА).


Главни политики и мерки на државната помош за привлекување на инвестиции во Црна Гора се: Конкурентен даночен систем (9% данок на добивка; 9% ПДД за доход до 720 евра и 15% ПДД за доход над 720 евра; три даночни стапки за ДДВ - 0%, 7% и 19%); Субвенции за нововработени лица (помеѓу 3.000 евра и 10.000 евра по нововработено лице. Се врши бодување во зависност од износот, секторот, ефектите врз извозот, технолошкиот развој, животната средина и регионалниот развој на инвестицијата, односно референците и соработката на инвеститорот со домашните правни лица); За капитални инвестиции поголеми од 10 милиони евра со кои се обезбедува отворање на најмалку 50 работни места, се доделуваат средства во висина од 17% од вредноста на инвестицискиот проект, без спроведување на постапка за бодување; Користење на поволностите од слободната економска зона „Пристаниште Бар“ (ослободување од обврски за плаќање на ДДВ, данок на добивка и царински давачки; ослободување од царинска контрола; повластен третман во однос на таксите за уредување на градежно земјиште; користење на земјиште и објекти со долготраен закуп, под фиксни услови).

Политиките на привлекување на странските инвестиции во регионот за ЗБ, во

последната деценија се имплементираат преку значаен број на програми, мерки, форми меѓу кои значително се истакнуваат со појавата на СЕЗ т.е. од носењето на законите за слободни економските зони од почетокот на 2000-ите, и тоа во Црна Гора 2004г., Србија 2006г, Албанија 2007г, Босна и Херцеговина од 2009г, РС Македонија од 2007г. и Косово во 2013г. Оттогаш основани и/или функционални се значаен број на слободни зони: во Албанија 3, во БиХ 4, во РС Македонија 15, во Косово 3, во Црна Гора 1, во Србија 14. Поддршките се јавуваат преку фискални и не-фискални стимулации/поттикнувања што се рефлектираат како финансиски но и како економски и трошоци но несомнено и придобивки.

Преглед на фискални и не-фискални поттикнувања/стимулации за инвестиции во економските зони и воопшто за инвестиции во земјите на Западен Балкан

Земја	Фискални и даночни стимулации	Други не-фискални/неданочни стимулации
Албанија	• Албанските производи што влегуваат зоните за технички и економски развој ослободени од ДДВ и царински давачки (0% во зоните, стандардна стапка на ДДВ 20%) • Капиталните трошоци се одбиваат до 120% • Корисниците дополнително ослободени со 50% од данок на добивка (на 7.5% за разлика од стандардна стапка од 15%) 5 години. • Ослободени од даноците на имот • Платите и социјалните придонеси се признати трошоци до 150% за првата година • Трошоците за обука се двојно признати за период од 10 години. • Трошоците за истражување и развој се двојно признати (200%) за 10 години. • Данок на доход во економски зони 0% (стандардни стапки зависат од ниво на личен доход и се даночат со 0%, 13% и 23%)	• За сите инвеститори - 1 € долгороче закуп на земјиште и објекти за 99 го дини • Приоритетни/брзи постапки и услуги пред државните институции • Инфраструктура во зоните (вода, струја, канализација, итн.) • Промоција преку агенцијата за промоција
Босна и Херцеговина	• Корисниците на слободни зони не плаќаат ДДВ и царински давачки за опрема (стандардна стапка на ДДВ 17%) • Намалување на данок на добивка (30-50% од данок на добивка) или даночни ослободувања засновани врз основа на создавање работни места (Ослободувањата се и кај двата ентитети: ФБиХ, данок на добивка намален на 7% ако 50% од добивката е реинвестирана, на 5% ако инвестицијата е >10 мил ЕУР, 200% признати трошоци на бруто плата за нови вработувања; додека во РС инвестицијата е даночно ослободување како и данокот на доход и придонеси доколку се вработени повеќе од 30 вработени) (стандардна стапка на данок на добивка 10%, на данок на личен доход 10%) • Ослободување од акцизи за стоки наменети за извоз • Ослободување или намалување на даноци на имот (стандардни стапки во РС 0.2% во ФБиХ различни во различни кантони)	• Инфраструктура во зоните (вода, струја, канализација, итн.) • Грантови за меѓународна промоција како за странските така и за домашните компании
Србија	• 0% царинските давачки и 0% ДДВ (стандарден стапка 20%, повластена 10%) • 0% данок на добивка во и надвор од зоните за инвестиции > 8 мил ЕРУ и > 100 вработени за период до 10 години (стандардна стапка на данок на добивка 15%) • Инвеститорите се ослободени од плаќање локални даноци на имот или со намалени стапки (стандардни стапки на даноци на имот 0.6-1%, данок на трансфер на имот 3%), во одредени зони и други локални давачки како комуналии и надоместоци се изземени или намалени	• изедначување на помошта на домашните и на странските инвеститори • Едношалтерски систем за услуги од администрацијата; • Едноставни и брзи царински постапки (секоја зона има царинска канцеларија); • Локални субвенции за користење инфраструктура на слободната зона • Услуги под преференцијални услови за зоните (транспорт, превоз, банкарски услуги и друго)



Слика 54: Преглед на фискални и не-фискални стимулации/поттикнувања во останатите земји од Западен Балкан
Извор: https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2020/06/1.-STUDIJA-Strans-Invest-Finalna-verzija_compressed-pdf.pdf

Странските инвестиции се важен катализатор за развој на земјата - домаќин на инвестициите, па оттука и привлекувањето преку поттикнувачки политики со нудење на различни стимулативни мерки се јавува и кај земјите од Западен Балкан. Стимулативните мерки кои се нудат на инвеститорите се најразлични фискални мерки од даночни намалувања и ослободувања и субвенционирање на инвестицијата до различни нефискални мерки кои ги приоритизираат странските инвеститори. Еден широко присутен инструмент за привлекување инвестиции кај земјите на Западниот Балкан се и слободните економски зони. Вкупниот број на зони во целиот регион на Западен Балкан брои четириесетина од кои најмногу во РС Македонија и Србија, и веројатно значително над економската оправданост за толкав број. Како што повеќе од земјите започнуваат да ги операционализираат, ризикот од зголемување на меѓусебната конкуренцијата заснована на државна помош, се зголемува и како и ризикот од штетно влијание за сите засегнати економии во регионот кои се дел од меѓусебната „трка“ за странски инвестиции. Со цел намалување на потенцијално негативните ефекти од трката на земјите во регионот со генерирање на неефикасности и ненефективности во економиите во регионот сметаме дека се потребни промени во регионалните политиките за привлекување на странските инвестиции и тоа во неколку аспекти:

- ***Регионален пристап за привлекување на странски инвестиции*** **-** спроведување на регионална политика за привлекување на странски инвестиции и креирање на систем проследен со процеси за нивна суштинска оценка на вредноста, ефектот и влијанието притоа водејќи сметка за принципите за слободна конкуренција и ефективна контрола на државна помош.

Оттука, креаторите на политиките треба да преиспитаат која е додадената вредност на ваквите паралелни економии за кои важат различни правила. Државната помош може да биде фактор кој придонесува кон привлекување на инвестициите во регионот. Но, креаторите на политиките треба да ги одмерат придобивките од вака поттикнатите инвестиции и можните прелевања (spill overs) во домашната и регионалната економија, како и сите придружни расходи и загубени приходи од даночните ослободувања.

- ***Напори за подобрување на инвестицискоto и деловното опкружување преку неселективна примена на законите, предвидливост на регулатива,стабилност и отчетност -*** *регионот на ЗБ има значителни конкурентски предности надвор од директните стимулации како што е непосредна близина до ЕУ пазарот, договорите за слободна трговија со ЕУ и со други земји надвор од ЕУ, веќе и така ниските стапки на даноци и релативно ефтината квалификувана ра* ботна сила. Но истовремено, е регион кој се соочува и предизвици од аспект на владеење на правото, предвидливост на регулативата, политичка стабилност, предвидливост на политиките, корупција, предизвици на пазарот на труд, итн. кои претставуваат примарни фактори во носењето на одлуките на инвеститорите за лоцирање на инвестициите и да се фокусираат на нивно унапредување.

- ***Поголема ефикасност во контрола и ефективност во доделување на државна помош -*** спроведување на адекватни ex-ante и ex-post оценки и анализи кај сите проекти на кои се доделува државна помош, а во насока на оценување на перформансите и постигнување на целите. Препораката останува, дека стратегијата за привлекување СДИ да се унапреди во насока на задржување на постоечките инвестиции преку креирање нова генерација на структурни реформи кои нема да се базираат на тесни фискални мерки.

- ***Поголема транспарентност и отчетност во политиките за државна помош -*** креаторите, носителите на политики, контролата и надзорот, треба да бидат осигураат отчетност пред даночните обврзници за економската оправданост на доделените јавни средства и придонесот кон економијата како „најдобар“ избран механизам, наспроти други можни алтернативи за привлекување инвестиции. Земјите од регионот треба да вложат засилени напори за унапредување на нивото

на транспарентност при доделувањето на државната помош, да ја зајакнат улогата на телата за контрола, ефективноста на парламентарниот надзор, но и да се зголеми улогата на граѓанското општество во следење на државната помош. Јасност и транспарентност на критериумите и процедурите за доделување на државна помош, изборот на приматели и оправданост на трошоците. Потребна е транспарентност и достапност на информациите не само во доделените износи на државна помош туку и во анализи за трошоците и придобивките од доделената државна помош.[30]

[30] Преземено од:

https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2020/06/1.-STUDIJA-Strans-Invest-Finalna-verzija_compressed-pdf.pdf

3. ЗАКЛУЧОК

Странските директни инвестиции може да се каже дека се добар двигател за македонската економија. Оттука, неопходен е развојот на позитивни долгорочни стратегии кои овозможуваат одржливи инвестиции усогласени со политиките за поддршка на домашните инвестиции. Тоа подразбира вложување на поголеми напори од страна на централната власт со чија помош би се овозможил самиот процес на СДИ, започнувајќи од структурни промени во начинот на нивното привлекување, ставање на фокус преку давање на услуги за самите корисници, усогласување на правните законодавства и легислативи со оние на развиените економии, првенствено на европските заради самите тенденции за нивно сојузирање, поголема транспарентност за самиот процес на државна помош на СДИ итн.

Но од друга страна пак, генералниот впечаток се однесува на тоа дека во рамките на економијата на нашата држава беше утврден дефицит на економски идеи кои би го поттикнале растот и развојот како и би го загарантирале опстанокот на домашните фирми, независно од тоа дали истите доаѓаат од производствените, трговските или услужните области. Со други зборови кажано, носителите на економските политики немаат други идеи за тоа какви политики треба да се водат за да се оствари економски прогрес, па затоа се избираат странските директни инвестиции како опција која би резултирала успешно. Со тоа, странските директни инвестиции беа истакнувани како главниот, ако не и единствениот начин за остварување на економски раст, од страна на сите влади во независна Македонија. Ваквата некреативност е типична за неолиберализмот, во кој, почнувајќи со Маргарет Тачер, постојано се повторува TINA принципот (TINA = There Is No Alternative), т.е. се истакнува дека нема алтернатива на неолибералните економски политики, кои профитот го гледаат како светост и заговараат политики кои му одговараат само нему.

Оваа форма на инвестирање е доста актуелна кај сите земји во светот. За таа цел, земјите се залагаат за промовирање и привлекување странски директни инвестиции заради нивниот придонес во економијата. Една од стратешките економски цели на секоја земја е обезбедувањето на поголема економска развиеност на домашната економија и повисок животен стандард за своите граѓани.

Тоа го обезбедуваат странските директни инвестиции бидејќи претставуваат инстантно средство за пораст на економскиот раст и брутодомашниот производ. Тоа ја поттикнува конкурентноста на земјите особено кај земјите од ист регион, кои меѓусебно се натпреваруваат да станат што поприврлечни за странските инвеститори. Тоа се прави по цена на целосна реформација на домашната законска регулатива што ја доведува во прашање еднаквоста при третирањето на деловните субјекти од страна на државните власти (домашни наспроти странски), потоа се укинуваат административните бариери, се намалуваат даноците и се одобруваат особени даночни олеснувања, се нудат посебни бенефиции, се ослободуваат претпријатијата од голем број трошоци, им се доделуваат субвенции. Исто така треба да бидат земени предвид тенденциите на нашата држава за што е можно поголема интеграција во рамките на глобалната економија. Односно, треба претходно преиспитување и детално анализирање на состојбата и влијанието на странските директни инвестиции во рамките на нашата земја.

На Република Северна Македонија најмногу и одговараат странски директни инвестиции кои ќе придонесат за подобрување на инфраструктурата и корист за домашните компании преку заложби на странските инвеститори за јакнење на локалната економија. Затоа државата преку пакет мерки треба да гради динамична бизнис средина со стабилна законска рамка, како би успеала да ги привлече транснационалните компании.

Вакви обиди се наметнуваат пропратно со владината посветеност на пристапувањето кон ЕУ, која наложува да се подобрат условите за водење бизнис, правната рамка и економската средина за домашните и странски инвеститори. Благодарение на брзите реформи, економијата е значително подобрена во последните години. Донесувањето нови закони или создавањето институции е неизбежност на патот кон ЕУ но, сепак, рационализацијата и систематизацијата во овој процес се клуч за ефикасноста во работењето.

Развојната политика на Република Северна Македонија како земја отворена за странски инвеститори, мора да биде насочена кон креирање и постојано унапредување на соодветна инвестициона клима со цел и на тој начин да се изведат повеќе развојни придобивки од странските инвеститори. Земјата добива епитет на атрактивна дестинација за СДИ, преку совршена инвестициона клима, релативно евтина и квалификувана работна сила и поволни одаочувања. Со добро насочени напори, земјата

може да постигне регулаторна совршеност и затоа мора да се стреми кон понатамошно подобрување на бизнис климата.

Во спротивно, применувањето на овој метод на постигнување на економски раст може за краток временски период да даде доста непосакувани ефекти. Тоа подразбира дека македонските власти треба да ги насочат своите напори кон изнаоѓање на форма која ќе обезбеди поголема одржливост на инвестициите во смисла на задржување на инвеститорите и по истекот на десетгодишниот период на користење на бенефициите, односно на даночните ослободувања. Повеќе од евидентен е ризикот од напуштање на странските гарнитури по истекот на поволните политики што би значело економска катастрофа. Таа би започнала со зголемување на невработеноста, намалување на животниот стандард, намалување на потрошувачката, зголемување на државните расходи по основ на социјални трансфери кои би ја помогнале привремената невработеност, намалување на бруто домашниот производ итн. Иако во светски рамки имаме доста успешни приказни за слободни економски зони, сепак, една од причините за неуспех кај оние кои биле неуспешни приказни се привлекување инвестиции и креирање вработување на краток рок, но не биле одржливи на долг рок при зголемување на трошоците за работна сила или кога преференцијалните услови не овозможуваат доволно предност. Од овој аспект, странските директни инвестиции претставуваат нож со две острици.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Донев Д. (2014) Филозофија на менаџерството – Универзитет Кирил и Методиј – Скопје. Кеверски, п. д.-р. (n.d.). *Психологија.* Битола: Универзитет Св. Климент Охридски - Битола, Педагошки Факултет - Битола.

2. Таки Фити, Економија. Скопје: Економски факултет – Скопје, 2008 година.

3. Компаративна анализа на политиките за привлекување на странски директни инвестиции во земјите на Западен Балкан, магистерски труд - Стефановски Димитар, Економски Факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола – Прилеп, 2014 година.

4. Странски директни инвестиции во Република Македонија 2003 – 2007, Државен завод за статистика на Република Македонија.

5. Макроекономски аспекти на странските директни инвестиции со посебен осврт на странските директни инвестиции во Република Македонија, магистерски труд - Неновска Николина, Економски Факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола – Прилеп.

6. БЕЛА книга 2018 / [уредник Влатко Стојановски]. - Скопје: Стопанската комора на Македонија, Совет на странски инвеститори, 2018.

7. Странски директни инвестиции – теоретска анализа, Фламур Буњаку, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.

8. Вистинската цена на евтината работна сила, Политики за привлекување на странски директни инвестиции во Македонија 2007-2015, Бранимир Јовановиќ.

9. European Commission (2016), „Towards a foreign direct investment (FDI) attractiveness scoreboard“, Copenhagen Economics, Copenhagen, Denmark.

10. Jeff Madura, International Financial Management (ninth edition). Thomson South-Western, 2008.

11. Ramkishen S. Rajan (2004), „Measures to attract FDI, Investment promotion, Incentives and Policy Intervention“, Economic and Political Weekly.

12. Clawson J. (2017) *The Handbook for Teaching Leadership: Knowing, Doing & Being* – University of Virginia.

13. Clark D. (2018) *Emotional Intelligence: A 21- Day Step by Step Guide to Mastering Social Skills, Improve Your Relationships, and Boost Your EQ* – Kindle Edition.

14. Caruso D, Salovey P. (2004) The Emotionally Intelligent Manager: How to Develop and Use the Four Key Emotional Skills of Leadership – Jossey-Bass, USA.Snook S, Nohria N, Khurana R. (2011) *The handbook for teaching leadership Knowing, doing, being* – Harvard Business School and University – USA.

15. Issah M. (2018) Change Leadership: The Role of Emotional Intelligence –University of Bahrain, Zallaq, Bahrain Benjamin Palmer.Palmer B, Walls M, Burgess Z. (2001) *Emotional Intelligence and Effective Leadership* – Swinburne University of Technology – Melbourne.

16. Mc Kee A, Boyatzis R, Johnston F. (2008) *Becoming a Resonant Leader: Develop Your Emotional Intelligence, Renew Your Relationships, Sustain Your Effectiveness* – Harvard Business Review Press.

17. https://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-direktni-investicii-metodologija-bpm-6.nspx

18. http://investicii.prizma.mk/

19. https://pari.com.mk/stranski-investicii-pridobivki/

20. https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2016/04/Benefiti-i-troshotsi-od-SDI-Prezentatsija.pdf

21. https://investnorthmacedonia.gov.mk/mk/%d0%bf%d0%be%d1%87%d0%b5%d1%82%d0%bd%d0%b0-%d1%81%d1%82%d1%80%d0%b0%d0%bd%d0%b8%d1%86%d0%b0/

22. https://prizma.mk/sekoe-treto-evro-vo-stranskite-investitsii-od-drzhavna-pomosh/

23. https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8_%D0%B4%D0%B8%D1%80%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BD%D0%B8_%D0%B8%D0%BD%D0%B2%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%86%D0%B8%D0%B8

24. https://www.nbrm.mk/WBStorage/Files/3ta-nagrada-investiciona-politika-slucajot-so-RM0.pdf

25. https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2016/04/1.-Predlozi-na-javni-politiki-TSEA-SDI-TIRZ-MK.pdf

26. https://epi.org.mk/docs/D4V_Socio-economic_development_mk.compressed.pdf

27. https://www.eccfp.edu.mk/files/PostgraduateUpload/PhD_thesis_Goce_Dimovski.pdf

28. https://eprints.ugd.edu.mk/11101/1/Magisterski%20trud.pdf

29. https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2020/06/1.-STUDIJA-Strans-Invest-Finalna-verzija_compressed-pdf.pdf

30. https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2016/04/1.-Analiza-Benefiti-od-FDI-TIRZ-Makedonija.pdf

31. https://www.slobodnaevropa.mk/a/%D0%BC%D0%BD%D0%BE%D0%B3%D1%83-%D0%B8%D0%B7%D0%B3%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D1%80%D0%B8-%D0%BC%D0%B0%D0%BB%D0%BA%D1%83-%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%B8%D0%BD%D0%B2%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%86%D0%B8%D0%B8/31705371.html

32. https://eprints.ugd.edu.mk/584/1/Katerina_Halaceva.pdf

33. https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2008/11/Bilten_juni_2017_1.pdf

34. https://www.nbrm.mk/content/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD_%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98-2022-%D0%9D%D0%91.pdf

35. https://eccfp.edu.mk/files/PostgraduateUpload/nenovska_doktorska.pdf

36. https://meta.mk/analiza-bruto-investiciite-vo-pad-bez-vlozhuvanje-nema-ekonomski-rast/

37. https://www.fiscast.mk/wp-content/uploads/2016/03/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%B4%D0%B8%D1%80%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BD%D0%B8-%D0%B8%D0%BD%D0%B2%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%86%D0%B8%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0.pdf

38. https://idscs.org.mk/mk/?s=%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8+%D0%B4%D0%B8%D1%80%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BD%D0%B8+%D0%B8%D0%BD%D0%B2%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%86%D0%B8%D0%B8

39. https://civicamobilitas.mk/wp-content/uploads/2018/02/9512Shortbrief-MK-FINAL-krivi.pdf

40. https://www.fiscast.mk/wp-content/uploads/2016/03/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%B4%D0%B8%D1%80%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BD%D0%B8-%D0%B8%D0%BD%D0%B2%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%86%D0%B8%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0.pdf

41. https://js.ugd.edu.mk/index.php/YFE/article/view/3502/3191

42. https://eprints.uklo.edu.mk/id/eprint/1947/1/Kostoska_MANU_2018.pdf

43. https://pbk.sobranie.mk/content/Efekti-od-kovid19.pdf

44. https://cup.org.mk/publication/Gaps%20final%20report.pdf

45. https://www.slobodnaevropa.mk/a/30862629.html

46. https://www.slobodnaevropa.mk/a/%D0%BF%D0%B0%D0%BD%D0%B4%D0%B5%D0%BC%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B8-

%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B3%D0%B8-%D0%BE%D0%B1%D0%B5%D1%81%D1%85%D1%80%D0%B0%D0%B1%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B8%D0%BD%D0%B2%D0%B5%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B8/31152263.html